# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>12.06.2013 г.<br>БРОЈ 9 ГОДИНА 48 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07 до 31.12.2012 г. | 4 |
| 2. | Одлука за усвојување на Програмата за детска заштита за 2013 год. | 5 |
| 3. | Одлука за усвојување на Програмата за култура за 2013 год. | 7 |
| 4. | Одлука за усвојување на Програмата за образование за 2013 год. | 9 |
| 5. | Одлука за усвојување на Програмата за социјална заштита за 2013 год. | 15 |
| 6. | Одлука за усвојување на Програмата за спорт за 2013 година. | 17 |
| 7. | Одлука за усвојување на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2013 година. | 19 |
| 8. | Одлука за усвојување на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2013 година. | 30 |
| 9. | Одлука за усвојување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013-2015 година. | 38 |
| 10. | Одлука за усвојување на Програмата за други комунални услуги за 2013 година | 42 |
| 11. | Одлука за Одлука за усвојување на Програмата за јавни паркови и зеленило за 2013 година. | 44 |
| 12. | Одлука за усвојување на Програмата за јавни паркови и зеленило 2013 год. (Капитални инвестиции) | 50 |
| 13. | Одлука за усвојување на Програмата за изградба и реконструкција на | 52 |

локални патишта и улици за 2013 година

14. Одлука за усвојување на Програмата за јавно осветлување за 2013 год. **54**

15. Одлука за усвојување на Програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2013 г. **56**

16. Одлука за усвојување на Програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води за 2013-2015 година. **58**

17. Одлука за усвојување на Програмата за изградба и одржување на системи за водоснабдување за 2013-2015 година. **60**

18. Одлука за усвојување на Програмата за јавна чистота за 2013 година. **62**

19. Одлука за усвојување на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2013 година. **70**

20. Одлука за усвојување на Развојна Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид за 2013-2015 година. **72**

21. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Охрид за 2013 година. **84**

22. Одлука за извршување на измените и дополнувањата на Буџетот на општина Охрид за 2013 година. **139**

23. Одлука за комунален ред на општина Охрид. **142**

24. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид. **180**

25. Одлука за изменување на Одлуката за пренесување правото на сопственост врз движни ствари. **181**

26. Одлука за дополнување на Одлуката за основање на јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори. **182**

27. Одлука за дополнување на Одлуката за изменување на Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП“Билјанини Извори“ Охрид. **183**

28. Одлука за определување на надоместок за членовите за општинската изборна комисија Охрид и избирачките одбори за локалните избори за 2013 година. **184**

29. Одлука за надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања за локални избори за 2013 година за членови на Советот на општина Охрид и Градоначалник. **186**

| | | |
|---|---|---|
| **30.** | Одлука за користење на услуги на мобилен оператор. | **187** |
| **31.** | Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за соработка за воспоставување на регионален одбор за управување со отпад во Југозападниот плански регион. | **189** |
| **32.** | Одлука за утврдување на зоните и висината на цената за краткотраен закуп на уредено градежно земјиште за поставување урбана опрема (столови и маси) за 2013 година. | **190** |
| **33.** | Одлука за утврдување на микролокации и почетна цена за поставување на рекламни паноа. | **192** |
| **34.** | Одлука за донесување Детален урбанистички план за дел од УЗ 12, дел од урбан блок 12.2, опфат 3 (ул.“Болничка“) КО Охрид 2, плански период 2012-2017 година. | **193** |
| **35.** | Одлука за разрешување член од Училишниот одбор на ОУ“Христо Узунов„ Охрид. | **194** |
| **36.** | Одлука за именување член во Училишниот одбор на ОУ“Христо Узунов„ Охрид | **195** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07- 31.12.2012 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/3**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 13 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07.-31.12.2012 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07.-31.12.2012 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/3**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за детска заштита за 2013 год, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за детска заштита за 2013 година

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за детска заштита за 2013 година бр. 07-5664/20 од 28.12.2012 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2676/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

| ПРОГРАМА - ДЕТСКА ЗАШТИТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | ОПИС | | | |
| | ДЕТСКА ГРАДИНКА ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ | ИНВЕСТИЦИОНИ ПРИОРИТЕТИ 2013 | ИЗНОС | Светска банка |
| 1 | Објект „Централна“ | • Доградба на објект | 10000000 | |
| | | | 1000000 | |
| | | Промена на електрична инсталација | 250000 | |
| | | • Замена на надворешна столарија со нова | | 600000 |
| 2 | Објект „Билјана“ | | | |
| | | Реконстукција на покривот | | 1000000 |
| | | Доградба на санитарни чворови за градински дел | 150000 | |
| | | Промена на електрична инсталација | 150000 | |
| | | • Замена на надворешна столарија со нова | 300000 | 300000 |
| 3 | Објект „Лихнида“ | Реконструкција на покривот | | 1500000 |
| | | • Замена на надворешна столарија со нова | | 1000000 |
| | | • Санација на санитарни чворови (промена на плочки) | 250000 | |
| | | Промена на електрична инсталација | 200000 | |
| | | • Лакирање и стружење на паркет | 150000 | |
| 4 | Објект „Развигорче“ | Реконструкција на покривот | | 1000000 |
| | | • Замена на надворешна столарија со нова | | 600000 |
| | | • Промена на електрична инсталација | 100000 | |
| | | Пренамена на градински занимални во јасли | 400000 | |
| | | • Санација на санитарни чворови (промена на плочки) | 150000 | |
| 5 | Објект „Росица“ | | | |
| | | Реконструкција на покривот | | 1000000 |
| | | | | |
| | | Замена на надворешна и внатрешна столарија со нова | | 1000000 |
| 6 | Поддршка на проекти од областа на детска заштита | | 200000 | |
| 7 | Дополнително оддржување хигиена | | 200000 | |
| 8 | Волонтери во детска градинка | | 300000 | |
| 10 | Отпремнини | | 200000 | |
| | | | 14000000 | 8000000 |
| | ВКУПНО | | | |

**Број 07- 2676/4-1**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за усвојување на Програмата за култура за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/5**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за култура за 2013 год.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за култура за 2013 година. бр. 07- 5664/19 од 28.12.2012 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/5**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

## ПРОГРАМА - Култура (К4)

| р.б. | ОПИС | | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| 1 | **Музичко литературно, културни програмски активности** | • Прличеви беседи<br>• Вечер на Живко Чинго<br>• Поетска Ноќ Велестово<br>• Концерти на културно уметнички друштва | 350 000 |
| 2 | **Поддршка на фестивали** | • Охридски Џез Фестивали<br>• Охридски Хорски Фестивал<br>• Охрид фест Охридски Трубадури<br>• Француски Филмски Фестивал<br>Студенски фестивал за театар<br>Младински фестивал за алтернативни уметности<br>Интернационални ликовни колонии<br>Ликовни колонии<br>Балкански фестивал<br>Охридско лето<br>Останати фестивали | 2 000 000 |
| 3 | **Подршка на естрадни уметници** | • Снимање на спот<br>• Песна<br>• Албум<br>• Концерт | 200.000 |
| 4 | **Одржување и санација на спомен обележја и објекти од областа на културата** | | 300.000 |
| 5 | **Активности Согласно програмата на комосијата за прослави манифестации и јубилеи (Денот на езерото)?** | | 400.000 |
| 6 | **Промоција и презентација на книжевно, ликовно и фото творештво** | • Промоција на книги, зборници, енциклопедии и сл.<br>• Изложби на уметнички дела и фотографии | 100.000 |
| 7 | **Дочек на Нова Година** | • Дневна детска забава<br>• Главен Дочек | 500.000 |
| 8 | **Превоз за потребите на здруженијата и институциите во областа на културата** | | 1.000.000 |
| 9 | **Трансфер кон здруженија и институции во областа на културата** | | 500.000 |
| 10 | **Подршка на здруженија, институции и поединци при организација на свечености и настани од областа на културата** | • Обезбедување простор локација<br>• Озвучување и осветлување<br>• Изработка на пропаганден материјал (флаери,капи маици и сл.) | 300.000 |
| 11 | **Изградба на повеќенаменска универзална сала и конгресен центар** | | **ЈПП** |
| 12 | **Отворање на летно кино** | | 500 000 |
| 13 | Отворање на градска продавница за сувенири | | **финансирано од буџет на РМ** |
| 14 | Трета верска конференција за меѓурелигиски и меѓуцивилизациски дијалог | | **финансирано од буџет на РМ** |
| 15 | Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура | | 300 000 |
| | **ВКУПНО** | | 6.000.000 |

**Број 07- 2676/5-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за усвојување на Програмата за образование за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за образование за 2013 год.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување Програма за образование бр.07-5664/18 од 28.12.2013 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

| | СРЕДНИ УЧИЛИШТА | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред бр. | Училиште | Инвестициони Приоритети | Износ | Светска банка |
| | **ОЕМУЦ** | Реконструкција и санирање на подови во училиштето | 1463080 | |
| | | Промена на Кров | РМ | |
| | | Изградба на училишна спортска сала | РМ | |
| | | Промена на оштетени елементи од парногреење со нови | 70000 | |
| | | **ВКУПНО** | **1533080** | |
| | **ОУТУ Ванчо Питошески** | Изградба на фискултурна сала | 7721576 | |
| | | Изградба на спортско игралиште | 988000 | |
| | | Реконструкција на санитарни простории во интернатот | 99700 | |
| | | Промена на кровот на училиштето | | 6 800 000 |
| | | Реконструкција на дел од просторните капацитети на училиштето во гардероби за ученици | 338250 | |
| | | Реконструкција на кабинет по угостителско послужување | 307500 | |
| | | Санирање на санитарни јазли | 307500 | |
| | | **ВКУПНО** | **9762526** | |
| | **ОСУ Св Климент Охридски** | Санација на училници и спортска сала зграда Економско училиште | 1634394 | |
| | | Матурска парада | 160000 | |
| | | **ВКУПНО** | **1794394** | |
| | | **13090000** | | |
| | **За сите средни училишта** | | | |
| **4** | **За сите средни** | **Поддршка на проекти** | **1,000,000** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **училишта** | | | |
| | | **Осигурување на имот** | **300,000** | |
| | | **ДДД и систематски прегледи** | **300,000** | |
| | | **Сервисирање и набавка на противпожарна опрема и хидранти** | **300 000** | |
| | | **Молерисување** | **500,000** | |
| | | **Дооформување на средното образование** | **1000000** | |
| | | **Бесплатни курсеви во соработка со ОГУ„Кузман Шапкарев“** | **1000000** | |
| | | **Отпремнини** | **200000** | |
| | | **Дополнително одржување хигиена** | **200000** | |
| | | **Стипендии за најдобрите(или еднократен надоместок-награда)** | **200000** | |
| | | **Превоз на наставници** | **1000000** | |
| | | **Превоз за потребите на средни училишта** | **2000000** | |
| | | **ВКУПНО** | **8,000,000** | |
| | | | | |
| | | **ВКУПНО** | **21,090,000** | 6 800 000 |
| | | | | |

| **ПРОГРАМА основно ОБРАЗОВАНИЕ 2013** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред бр.** | **Училиште** | **Инвестициони Приоритети** | **Износ** | **Светска банка** |
| | **ОСНОВНИ УЧИЛИШТА** | | | |
| | **ОУ Ванчо Николески - Лескоец** | Поставување на кршачи за снег за цело училиште | 60000 | |
| | | Хоризонтален олук со демонтажа на старите олуци во ПУ во с.Куратица | 40000 | |
| | | Изработка на натрешница во ПУ во с.Косел | 70000 | |
| | | Поставување на венецијан-ролетни во училници во ПУ во с.Косел | 30000 | |
| | | Бетонирање на подна подлога во подрум | 40000 | |
| | | Реновирање на училишна зграда во ПУ во Вапила - Ливоишта | 460000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поставување на ограда околу училиште | 200000 | |
| | | Ставање на под во Фискултурна сала во ПУ во с.Косел | 500000 | |
| | | Изградба на фискултурна сала | 7678010 | |
| | | **ВКУПНО** | **9078010** | |
| | **ОУ Климент Охридски** | Промена на столарија на прозори | | 2000000 |
| | | Санација на фасада | 500000 | |
| | | Доградба на простории за настава во природа со осместувачки капацитети | 2000000 | |
| | | Поплочување со бекатон плочки на училишниот двор | 500000 | |
| | | Санација на објект ПУ Даљан | 600000 | |
| | | Реконструкција на топловодно греење | 3152270 | |
| | | **ВКУПНО** | **10352270** | |
| | **ОУ Братство Единство** | Реновирање на кровот на училишната зграда во Лескајца | | 2000000 |
| | | Санација на санитарни јазли | РМ | |
| | | Осветлување на спортски сали во двете згради | 100000 | |
| | | Соблекувални во сала во Централна зграда | 300000 | |
| | | Санација на кров окапници Централна зграда | 400000 | |
| | | Промена на прозори во ходниците на двете згради | | 400000 |
| | | Изградба на спортски терен централна зграда | 1200000 | |
| | | Промена на парен котел во лескајца | 1400000 | |
| | | **ВКУПНО** | **3400000** | |
| | **ОУ Живко Чинго** | Санација на фасада(термо фасада) | | 500000 |
| | | Санација на санитарни јазли | | 300000 |
| | | | | |
| | | Оградување и уредување на училишен двор | 500000 | |
| | | Котлара и инсталација во спортска сала | | 1300000 |
| | | **ВКУПНО** | **500000** | |
| | **ОМУ Методи Патче** | Промена на надворешна столарија | | 800000 |
| | | **ВКУПНО** | **0** | |
| | **ОУ Христо Узунов** | Замена на дограма во 20 училници | | 1200000 |
| | | Замена на салонитни табли на кровна конструкција | | 7349010 |
| | | Надградба на спрат над трпезарија | | 1381000 |
| | | Замена на калорифери во фискултурна сала | 299720 | |
| | | **ВКУПНО** | **299720** | |
| | **ОУ Григор** | Промена на врати во нова зграда | | 319990 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Прличев | Промена на кров | РМ | |
| | | Санација на подови | 500000 | |
| | | Промена на надворешна столарија во нова зграда | | 2000 000 |
| | | Доградба и санација на ограда на училишен двор | 200 000 | |
| | | **ВКУПНО** | **900 000** | |
| | ОУ Кочо Рацин | Промена на врати централна и ПУ Лакочереј | | 200000 |
| | | Санација на подови | 200000 | |
| | | Промена на кров | РМ | |
| | | Санација на санитарни јазли | РМ | |
| | | Санација на санитарни јазли во ПУ Лакочереј | | 150000 |
| | | Санација на училишна зграда ПУ Лакочереј | | 1600000 |
| | | Санација на компјутерска инсталација во централно училиште | 300000 | |
| | | Поврзување на двете згради во централното училиште | 400000 | |
| | | Средување на паркинг плац во централното училиште(шлунак или асфалт) | 100000 | |
| | | Ентериерно уредување на просторот за продолжен престој (училишен мебел) | 70000 | |
| | | **ВКУПНО** | **1 420 000** | 19500000 |
| | ОУ Св Наум Охридски Пештани | Промена на кров во ПУ Елшани | 1000000 | |
| | | Промена на кров | РМ | |
| | | Промена на надворешна дограма | РМ | |
| | | Санација на училишна зграда ПУ Трпејца | 1600000 | |
| | | Изградба на спортско игралиште ПУ Трпејца | 400000 | |
| | | Санација на училишна зграда ПУ Долно Кољско | 500000 | |
| | | **ВКУПНО** | **3500000** | 19500000 |
| | | | **29 450 000** | |
| | **За сите училишта** | | | |
| | За сите училишта | Отпремнини | 500000 | |
| | | Молерисување | 700000 | |
| | | Реализација на проект целодневен престој | 1400000 | |
| | За сите училишта | Реализација на проект за работа со талентирани ученици | 200000 | |
| | | Обезбедување на училиштата со чуварска служба | 2000000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | стипендии за најдобрите (или еднократен надоместок-награда) | 200000 | |
| | | Реализација на проект за работа со деца со посебни потреби (курсеви по математика) | 100000 | |
| | | Оддржување на дополнителна хигиена во училиштата | 300000 | |
| | | Осигурување на имот | 800000 | |
| | | Сервисирање и набавка на противпожарна опрема и хидранти | 700000 | |
| | | Бесплатни курсеви по странски јазик | 300000 | |
| | | обуки од областа на сообраќајот и натпревар Детски семафор | 50000 | |
| | | Хортикултурно уредување на училишните дворови со набавка на 3 рачни косилици | 1000000 | |
| | | Видеонадзор | 700000 | |
| | | ДДД и систематски прегледи | 600000 | |
| | | Превоз на наставници | 3000000 | |
| | | Елаборати за приватизација | 300000 | |
| | | Превоз за потребите на училиштата | 2000000 | |
| | | **ВКУПНО** | **14850000** | |
| | | | | |
| | | | | |
| | **ВКУПНО** | | **44.300 000** | |
| | | | | |

**Број 07-2676/6-1**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2013 ГОДИНА

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлука за усвојување на Програмата за социјална заштита за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за социјална заштита за 2013 год.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за социјална заштита за 2013 година бр.07-5664/28 од 28.12.2012 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

# ПРОГРАМА 2013- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

| Р.Б | О П И С | Финансирано од општина Охрид | Финансирано од Буџет на РМ |
|---|---|---|---|
| 1 | ***Субвенции за комунални трошоци*** | 600.000,00 | |
| 2 | ***Еднократна парична помош*** | 400.000,00 | |
| 3 | ***Трансфер на средства*** | 200.000 | |
| 4. | ***Подршка за поголема опфатност на деца во дневен центар за лица со интелектуална попреченост*** | | Финансирано од Буџет на РМ |
| 5. | ***Пристапни рампи-право на секое лице со инвалидност*** | | 2.000.000,00 денари |
| 6. | ***Бесплатен превоз за лица со инвалидност*** | | Финансирано од Буџет на РМ |
| 7. | ***Формирање советодавен пункт за олеснување при вработување*** | | Финансирано од Буџет на РМ |
| 8. | ***Бесплатни курсеви за учење англиски и германски јазик*** | 1.000.000,00 | |
| 9. | ***Стипендирање на млади кои припаѓаат на социјално загрозени семејства*** | 200 000 | |
| | ***В К У П Н О*** | 2 400 000 | |

**Број 07-2676/7-1**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за спорт за 2013 година., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/8**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за спорт за 2013 год.

**Член 2**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за спорт за 2013 година бр.07-5664/21 од 28.12.2012 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/8**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

| | ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И МЛАДИ 2013 г. | |
|---|---|---|
| | | |
| р.б. | О П И С | ИЗНОС |
| 1 | Санација и реконструкција на постојните спортски објекти | 300.000 |
| 2 | Превоз на спортски екипи | 3.500.000 |
| 3 | Трансфер кон спортски клубови и здруженија | 2.000.000 |
| 4 | Реализација на Проект за осовременување на спорт и физичка култура | 500.000 |
| 5 | Изнајмување спортски објекти | 4.500.000 |
| 6 | Водени спортови | 700.000 |
| 7 | Поддршка на развојни спортски проекти | 1.000.000 |
| 8 | Награди и признанија за врвни спортски резултати | 200.000 |
| 9 | Изградба на соблекувални, фудбалски терен,терен за одбојка на песок Билјанини извори | 2.300.000 |
| 10 | Изградба на база за летнување и за слетување за екстремни спортови | 1.300.000 |
| 11 | Отворање на училишни спортски клубови и подршка за учество во училишни лиги | буџет на општина и буџет на РМ |
| 12 | Катастар на спортски објекти | |
| 13 | Поддршка на млади таленти и доделување стипенди за најдобрите | |
| 14 | „Спортско лето“ | буџет на РМ |
| 15 | спортско игралиште на песок (2013-2015) | 1.500.000 |
| 16 | обновување на спортски Охрид | 500.000 |
| 17 | Возобновување на маалски фудбал и баскет | буџет на РМ |
| | | |
| млади | Вклучување на млади во процес на донесување на одлуки | |
| | Организирање на хуманитарни акции за помош на млади од социјално загрозени семејства | |
| | Проект : Кампања „Стоп за пороците“ | |
| | Организирање на доброволна крводарителска акција на младите и спортистите | |
| | ВКУПНО | 18.300.000 |

**Број 07-2676/8-1**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година

**Број 08-2676/9**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2013 год.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2013 година бр.07-5664/23 од 28.12.2012 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2676/9**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска с.р.**

## Г1 ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА

**Вовед**

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на **непосредното учество на бизнис заедницата** и **граѓанското општество** (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален економски развој, која ќе промовира развој на бизнис и ќе го зголеми вработувањето.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Програмата за подршка на локалениот економски развој** се подготвува пред се врз основа на **Стратегијата за одржлив локален економски развој** и се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

### 1. Извори на финансирање на програмата

Програмата предвидува приходна ставка од:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Буџетот на Општина Охрид за 2013 год. во износ | **6.000.000,00 ден** |

### 2.Нацрт Програма за Подршка на Локалниот Економски Развој на Општина Охрид за 2013 година

Општина Охрид преку Секторот за Локален Економски Развој и Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани

стратешки цели и приоритети, ја базира Програмата за подрка на локалниот економски развој за буџетската 2013 година.

**2.1 Операционализација на стратегија за одржлив развој преку партиципативно учество на заедницата**

2.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно стратегијата за развој со вклучување на МЗ, МСП, НВО модел на ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ за 2013 година.

Предвиден буџет 1.200.000,оо ден

2.1.2. **Донесување програма за локален рурален развој**

Со четиригодишната програма ќе бидат опфатени акциони планови за изградба на инфраструктурни објекти, кои ќе придонесуваат за подобрување на условите за живот во руралните заедници, како и реконструкција и одржување (чистење) на каналите, улиците, водоводните системи, јавните селски површини и други инфраструктурни објекти и области.

Предвиден буџет 150.000,оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.1: 1.350.000,оо ден**

**2.2. Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото**

Малите и средните претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој и поради тоа мора континуирано да се работи на изнаоѓање стимулативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така треба да им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Охрид во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Охрид.
Предвидените активности за поддршка се во согласност со националната развојна политика за претприемништво и националната стратегија за развој на МСП во смисла на создавање на глобална рамка за развој на поволна деловна клима, стратегијата за Локален Економски Развој на Општина Охрид.
Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото е планирано да се реализира преку следниве активности:

- **Модели на соработка со МСП**

2.2.1. **Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија**

Заедничка промоција и маркетинг (заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанството). Настапот на

саеми надвор од Општината како и организација на општински саеми би се реализирала по пат на меѓусебно партнерство во реализација на проектот.

<u>Предвиден буџет 200.000.оо ден</u>

2.2.2. **Подготовка и печатење на брошура ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД –**

Изведување на анкета на бизнис клима и формирање на база на податоци и мапирање на охридското стопанство. Преку оваа анкета ќе се добијат ажурирани податоци за мапирање на стопанството и можностите за инвестиции. Сите податоци за потенцијални локации за инвеститори и други стопански потенцијали преку продажба или по пат на ЈПП ќе бидат ставени во брошура која ќе биде испечатена и истата ќе им биде делена на сите заинтересирани инвеститрои, а воедно нејзината електронска форма ќе биде поставена на веб страната на Општина Охрид.

<u>Предвиден буџет 300.000.оо ден</u>

**Вкупно планиран буџет за 2.2. 500.000.оо ден.**

**2.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој**

Искористувањето на природните ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно Стратегијата за одржлив развој на Општина Охрид, треба да се темели на рационалната употреба на расположливите ресурси преку следниве активности:

**2.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива**.

Активноста предвидува отпочнувсње на процесот за идентификација на локалните производи и услуги и информативно-консултативни и едукативни работилници со индивидуални земјоделци и локалните производители. Врз база на ваквите подготвителни активности ќе се финансираат локални микро проекти за локално брендирање на производи и услуги.

<u>Предвиден буџет 200.000.оо ден</u>

**2.3.2. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој.**

Едукативните семинари ќе ги опфатат сите три Мерки од ИПАРД програмата и тоа:

- **Мерка 101** - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија,
- **Мерка 103** - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи,
- **Мерка 302** - Диверзификација и развој на руралните економски активности и развој на руралниот туризам.

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на експертите од одделението за локален

економски развој, преку печатени и дигитализирани едукативни материјали и конкретни разработки на Условите за аплицирање и подготовка на Проектни примери.

Предвиден буџет 60.000.оо ден

**2.3.3.** Поддршка на проекти и програми поврзани со инфраструктурни планови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области. (обнова на електрична мрежа, пристапни патишта до 1 км, уредување на простор, обнова на водоводни инсталации и др). Зафатите би се реализирале преку кофинансирање на проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

**2.3.4. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти**

Ваквите обуки и советување на кои ќе посветиме особено внимание ќе значат дополнително зголемување на производството на органска храна, како и олеснување и обезбедување на нејзиниот пласман.

Предвиден буџет 60.000.оо ден

**2.3.5. Воспоставување (отворање) мобилна канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците**

Целта на оваа активност е да се обезбедат неопходни информации за земјоделците, кои ќе им овозможат зголемување на продуктивноста, намалување на трошоците за производство, конкурирање и искористување на домашните и на странските можности за финансирање во рамките на земјоделството, како и навремено препознавање и соочување со потенцијалните ризици и предизвици за производство и за пласман на производи од сферата на земјоделството.

Предвиден буџет 60.000.оо ден

**2.3.6. Осовременување и проширување на асортиманот на расадникот за одгледување автохтони растителни декоративни видови**

Преку овој проект ќе се овозможи осовременување и проширување на асортиманот на расадникот за одгледување автохтони растителни декоративни видови што се користат и ќе продолжат да бидат искористувани за потребите на ЈП и за потребите на концесионерите на плажите. Овој проект ќе биде спроведен во соработка со Национален парк „Галичица“.

Предвиден буџет 60.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.3. 640.000.оо ден.**

### 2.4. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки

Еден од најважните аспекти за развој на локалната економија е поттикнувањето на партнерствата и зајакнување на стопанството преку воведување на стимулативни мерки.

Согласно Стратегијата за локален економски развој на Општина Охрид и стратешките цели во делот на локалната економија од развојниот акционен план, предвидено е да се реализираат:

**2.4.1. Саем на алтернативни форми на туризам (Понуда, храна, активности, сместување).**

Саемот во организација на Општина Охрид, (Секторот за туризам и ЛЕР), треба да овозможи презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Веќе една деценија наназад ова е најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Воедно тоа ќе претставува и вистинска можност за воспоставување на меѓусебни мрежи и асоцијации за соработка и заеднички настап на хотелиерите, туристичките организации, туроператори и даватели на услуги а ќе се реализира како **тродневна** содржина:

- **Изложбено презентациски дел – Запознај ги руралните области – Рурален Охрид,**
- **Традиционална култура, обичаи, манифестации и фолклор,**
- **Етно работилница: Традиционална облека храна обичаи и др**,
- **Етно пазар, продажен дел на занаетчиски и ракотворни производи,**
- **Вкусот на традицијата – презентација на традиционалната кујна од руралните области**

Предвиден буџет 350.000.оо ден

2.4.2 Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ) исклучиво во функција на користење на средства од ЕУ фондови. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети како на претставници на Општината Охрид во други општини така и на нивните претставници кај нас.

Предвиден буџет 120.000.оо ден

2.4.3 **Зголемување на економскиот развој**
Целта на проектот е да се придонесе за поширок економски развој на прекуграничната област на југозападниот регионот во Република Македонија (Струга, Охрид, Зајас, Дебар) и регионот на Корча во Република на Албанија (Поградец и Корча). Во проектот се планира да се воспостави интерактивна комуникација меѓу претставниците на Стопанската комора на Албанија и Стопанска комора на северозападна Македонија.

Предвиден буџет 150.000.оо ден

2.4.4 **Денови на дијаспората**
Преку овој проект ќе се спроведува осмислена дводневна програма за дружење со сонародниците што се иселени во странство. Оваа програма ќе опфаќа културни дружења, а особен акцент ќе биде даден на деловни средби и состаноци. Проектот ќе има за цел да се приберат средства (добротворни прилози од дијаспората) со која ќе се реализира некаква цел од локално значење.

Предвиден буџет 150.000.оо ден

2.4.5. Формирање на **Општински економски совет - „Совет на татковци“**

Советот ќе биде составен од претставници од деловната заедница, научната фела и од општинската администрација. Целта на советот е тој да претставува место на кое ќе се води континуиран дијалог меѓу општинската власт и бизнисмените од општина Охрид со цел навремено препознавање на проблеми, создавање иницијативи и подобрување на вкупната економска клима и трговска понуда на градот.

**Вкупно планиран буџет за 2.4: 770.000.оо ден.**

### 2.5. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.
Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

2.5.1. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**,

Предвиден буџет 600,000.оо ден

2.5.2. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој.

Предвиден буџет 300.000.оо ден

2.5.3. Заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.**

Предвиден буџет 300.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.5. 1.200.000.оо ден.**

### 2.6. Други оперативни расходи и договорни услуги

За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2013 год., потребни се одредени средства кои се наопходни за реализација на истите. Овде пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2013 год.

**2.6.1.** Договорни обврски

Предвиден буџет 800.000.оо ден

**2.6.2.** Други оперативни расходи

Предвиден буџет 240.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.6. 1,040.000.00 ден.**

### 2.7. Подготовка на проекти

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за Локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за ЛЕР.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

2.7.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,

Предвиден буџет 200.000.оо ден

2.7.2. Консултантски услуги за специфични проектни активности,

Предвиден буџет 300.000.оо ден

**Вкупно планиран буџет за 2.7: 500.000.оо ден.**

# ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2013: 6,000.000,00 ден

**Рекапитулар**

ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА

| **Бр** | **Активност** | **Опис** | **Износ - Планирано** | **Износ - Одобрено** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.1. | Операционализација на стратегија за одржлив развој преку партиципативно учество на заедницата | 2.1.1 Финансирање на локални микропроекти за потикнување на локалниот економски развој согласно стратегијата за развој со вклучување на МЗ, МСП, НВО | **1,200,000** | |
| | | 2.1.2. Донесување програма за локален рурален развој | 150,000 | |
| | Вкупно 2.1. | | 1,350,000 | **0** |
| | | | | |
| 2.2. | Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото | 2.2.1. Засилување на локалниот економски развој и зголемување на конкурентноста на претпријатија. | 200,000 | |
| | | 2.2.2. Подготовка и печатење на брошура ИНВЕСТИРАЈТЕ ВО ОХРИД – Изведување на анкета на бизнис клима и формирање на база на податоци и мапирање на охридското стопанство. | 300,000 | |
| | | | | |
| | Вкупно 2.2. | | 500,000 | **0** |
| | | | | |
| 2.3. | 2.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој | 2.3.1. Поттикнување на брендирање на производи и услуги во локалната економија согласно препораките на ЕУ и законската регулатива. | 200,000 | |
| | | 2.3.2. Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД програмата како и за средствата од Агенцијата за рурален развој. | 60,000 | |
| | | 2.3.3. Поддршка на проекти и програми поврзани со инфраструктурни планови, уредување на туристички и излетнички локалитети во руралните области. | 200,000 | |
| | | 2.3.4. Советувања и обука на производителите за производство на органска храна и поддршка за нејзин пласман преку угостителските објекти | 60,000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2.3.5. Воспоставување (отворање) мобилна канцеларија во рамките на ло¬калната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците | 60,000 | |
| | | 2.3.6. Осовременување и проширување на асортиманот на расадникот за одгледување автохтони растителни декоративни видови | 60,000 | |
| | Вкупно 2.3. | | 640,000 | 0 |
| | | | | |
| 2.4 | Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки | 2.4.1. Саем на алтернативни форми на туризам (Понуда, храна, активности, сместување...) - Изложбено презентациски дел – Запознај ги руралните области – Рурален Охрид, | 350,000 | |
| | | 2.4.2 Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ) исклучиво во функција на користење на средства од ЕУ фондови. | 120,000 | |
| | | 2.4.3 Зголемување на економскиот развој Целта на проектот е да се придонесе за поширок економски развој на прекуграничната област на југозападниот регионот во Република Маке-донија (Струга, Охрид, Зајас, Дебар) и регионот на Корча во Република на Албанија (Поградец и Корча). | 150,000 | |
| | | 2.4.4 Денови на дијаспората Преку овој проект ќе се спроведува осмислена дводневна програма за дружење со сонародниците што се иселени во странство. | 150,000 | |
| | | 2.4.5Формирање на Општински економски совет - „Совет на татковци“ | | |
| | Вкупно 2.4. | | 770,000 | 0 |
| | | | | |
| 2.5. | Средства за сопствено учество во имплеметација на меѓународни проекти | 2.5.1. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА (РД) фондовите** | 600,000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2.5.2. Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој. | 300,000 | |
| | | 2.5.3. Зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.** | 300,000 | |
| | Вкупно 2.5. | | 1.200,000 | 0 |
| 2.6. | Оперативни расходи и договорни услуги | 2.6.1. Договорни услуги | 800,000 | |
| | | 2.6.2. Други оперативни расходи | 240,000 | |
| | Вкупно 2.6. | | 1,040,000 | 0 |
| | | | | |
| 2.7. | Подготовка на проекти | 2.7.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции, | 200,000 | |
| | | 2.7.3. Консултантски услуги за специфични проектни активности, | 300,000 | |
| | Вкупно 2.7. | | 500,000 | 0 |
| | | | | |
| | | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2013 | 6.000.000 | 0 |

**Број 07-2676/9-1**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година

**Број 08-2676/10**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2013 год.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2013 година бр.07-5664/22 од 28.12.2012 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/10**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска, с.р**

**Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се

постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно живот за сите во заедницата.

Со стратешкото планирање на развојот на туризмот на Општина Охрид, локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

**Процесот на планирање** на програмата е базиран врз непосредното учество на сите релевантни фактори од сферата на туризмот, јавните институции, бизнис заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив развој на туризмот, и ќе овозможи подобрување на социо-економскиот и одржливиот фактор.

**Програмата за поттикнување на развојот на туризмот** се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Охрид, други позитивни законски одредби на Република Македонија и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на Единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на Стратегијата за одржлив развој на туризмот на општина Охрид, вклучени се програмите за работа и буџетското планирање на средствата предвидени како приход од таксата за привремен престој , при што Секторот за туризам и локален економски развој, за буџетската 2013 година ја предвидува програмата поврзани со буџетската ставка **Г2: Поттикнување на развојот на туризмот.**

## 1. Извори на финансирање на програмата

Програмата предвидува приходна ставка од 12.**050.000** ден:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средствата предвидени како приход од Таксата за Привремен престој | 9,200.000 ден. |
| 2. | Буџетски приходи по други основи | 1,200.000 ден. |
| 3. | Средства меѓународни проекти | 1,650.000 ден. |
| | Вкупно | 12,050.000 ден |

## 2. Предлог Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2013 година

Туризмот претставува една од најзначајните развојни потенцијали за Општината Охрид. Географската положба, културно – историското наследство, Охридското Езеро, и Националниот Парк “Галичица”, како конкурентни предности ја претставуваат основата за подготовката на развојните програми за туризмот. Особено се внимава на стратегијата за развој на туризмот, темелена на јакнење на понудата на целата територија на општината, конкурентноста и стандардите на квалитет на понудата и услугите со посебно внимание на усвоена Визија за одржлив развој на туризмот во Општина Охрид:

1. **Охрид до 2020 година ќе биде туристичка дестинација од светска класа, инфраструктурно и еколошки уредена општина со зачувано природно и**

**културно богатство, а туризмот ќе биде водечка индустија во областа на економијата.**

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за развој на туризмот на Општина Охрид и усвоените приоритети:

1. Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
2. Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
3. Брендирање на Охрид како туристичка дестинација,
4. Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,

Општина Охрид преку Секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на поттикнување на развојот на туризмот за 2013 година, ја базира **“Г2 Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2013 година“ која ке се реализира преку следните активности:**

**2.1Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) и управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO**

**2.1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

Согласно новите ингеренции на локалната самоуправа со процесот на децентрализација во областа на туризмот, во надлежност на градоначалникот е водење на регистар на станоиздавачи од мал обем. Преку Секторот ТЛЕР – Одд. за туризам во 2013 ке продолжат со активностите за евиденција регистрација, категоризација,и продолжување на решенијата за категоризација што претставува основа за управувањето со туризмот, а истовремено е во согласност со првиот приоритет од стратегијата за развој на туризмот – односно дефинирање на туристичката понуда во сегментот на сместувачки капацитети од мал обем. Во рамките на управувањето со туризмот исто така ќе бидат опфатени информациите во електронски медиуми,одржување на обуки со станоиздавачи, состаноци со станоиздавачи и медиуми, организирање на прес конференции, изготвување на информативни флаери.

**<u>Превиден Буџет 50.000,00 ден</u>**

**2.1.2 Туристички информативни центри**

Со оглед на нефункционалноста на поставениот туристички информативен центар на претходно предвидената локација на Бул Туристичка на влез на Охрид, се предвидува негова дислокација во централното градско подрачје. Во неговата функција е предвидено и воспоставување на телефонска инфо линија за пријавување на неправилности и проблеми од областа на туризмот во Охрид. Исто така во овој ТИЦ ќе се овозможи и користење на услугите на резервација на сместување за туристите, која е во склоп на туристичкото биро Лихнидос.

**<u>Превиден Буџет 600.000,00 ден</u>**

**2.1.3 Управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO**

Туризмот е една од најголемите индустрии, додека културниот туризам е најбрзо растечки интернационален сектор. Со посетата на милиони туристи кои посетуваат 851 места од листата на

светското наследство секоја година- туризмот станува најзначајно вкрстено( комплексно ) прашање и грижа за управување на местата од листата на светското наследство. Сепак недостига добро обучен персонал( работна сила ) и кај локалните заедници и кај чинителите кои ја креираат политиката се забележува недостиг на искуство неопходно да се искористи туризмот како алатка за придонес во заштитата на биодиверзитетот и културната разноликост.
Важноста на туризмот за светското наследство и лошото управување како закана беше потенцирано од Комитетот за Светско Наследство- кога го овласти центарот во 2001 година да развие Програма. Програмата за одржлив туризам на светското наследство се фокусира на седум активности. Тие се однесуваат и на останатите места кои не се на листата на места од светското наследство. Тие ја олеснуваат соработката помеѓу другите програми помеѓу секторот за култура и другите УНЕСКО сектори.

Општина Охрид, преку секторот ТЛЕР и Одделението за Туризам се приклучува кон Центарот за светско наследство и УНЕСКО членките и Агенциите на Обединетите Нации во рамките на проектот SUSTCULT заедно со градовите : Венеција, Нова Горица, Крф, Берат, Бакау и Хурези. Проектната програма, ги вклучува следните активности:

- Подигање на капацитетот на управувањето со местата од светското наследство да се справат со предизвиците на туризмот
- Обука за локално оговорните лица во заштитата на животната средина и културното наследство и останатите активности поврзани со туризмот и остварување на бенефит од туризмот.
- На заедниците односно местата од светското наследство ова да им послужи како лост за локален економски, социјален и културен развој
- Подигнување на јавната свест за значењето на светското наследство со универзална вредност и градење на интеркултурен дијалог со локалните заедници и посетители преку едукација за заштита на наследството.
- Искористување на генерираните приходи од туризмот како подршка на трошоците за заштитата.
- Ширење на искуствата од другите места од светското наследство и заштитени подрачја
- Градење на зголемена свест за целите од1972 год. од Конвенцијата на Светското Наследство и другите УНЕСКО конвенции и влијание врз туристичките програмски активности и политики на националните и локалните власти , туристичката индустрија, нивните претставници и туристите.

**Превиден Буџет за 600.000,00 ден**

### 2.1.4 Одбележување (сигнализација) на туристичките места

Со цел на потенцијалните посетители(туристи) да им се подобри пристапот и доаѓањето до туристичките, културните,историските и природните места ќе пристапиме кон изработка на сигнализација и одбележување на истите

**Превиден Буџет за 300.000,00 ден**

## 2.2 Промоција на туризмот

### 2.2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.

Соработка со новинари од познати туристички печатени и електронски медиуми од различни земји како од Србија, Бугарија, Албанија, Косово, Холандија, Белгија, Полска,

Хрватска заради запознавање со туристичките потенцијали на градот и регионот. Успешната промоција вклучува прифаќање на понудите за промовирање кои ги нудат познатите туристички печатени и електронски медиуми.

**<u>Превиден Буџет 300.000,00 ден</u>**

**2.2.2 Соработка со странски туроопратори.**

Активноста предвидува организирана посета на Охрид на странски туроператори и странски медиуми со цел презентација на туристичките потенцијали на градот и регионот, зголемена соработка меѓу домашните туристички субјекти со странски туроопратори, размена на искуства и склучување договори.

Промоцијата на градот е предвидена за туроператори од:

34. Србија,
35. Бугарија,
36. Албанија и Косово,
37. Словенија и Хрватска
38. Турција
39. Кина
40. Туроператори и новинари од европските земји.

**<u>Превиден Буџет 400.000,00 ден</u>**

**2.2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи.**

Промоција на Охрид и регионот на целни туристички пазари преку туристички берзи (Утрехт, Будва, Софија, Белград, Истанбул, Загреб, Есен, Киев, Ниш, Велико Трново, Нови Сад, Лугано, Крагуевац, Солун,Тирана и заедно со Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во, Љубљана, Хелсинки, Тел Авив, Берлин, Москва, Приштина, Полска и Лондон, со што ќе се остворат услови за зголемување на бројот на странските посетители и зголемување на девизниот прилив.

**<u>Превиден Буџет 2,800.000,00</u>**

**2.2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи**

- **Поддршка на активности од календарот на туристички настани во Општина Охрид,**

- **Организација на “ЛЕТО 2013”**

Организирање манифестација “ЛЕТО 2013” која би се одржала во месец јуни и би преставувала настан со културно уметничка програма на кој би се презентирала целокупната туристичка понуда и кој на симболичен начин би го одбележал почетокот на туристичката сезона во град Охрид

**<u>Предвиден Буџет 700.000,00</u>**

**Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда**

- Изработка на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици: каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Репринт на промотивни туристички материјали по разни сегменти на повеќе странски јазици, каталози, флаери, водич, постери, кеси, мапи, папки и др промотивен материјал.
- Изработка на промотивен ЦД материјал.
- Изработка на промотивен материјал за промоција на алтернативни форми на туризам
- Печатење на постери – билборд и мобилно пано за презентации за саеми,
- Надополување и изработка на дополнителни веб страни за промоција на туризмот.

**Превиден Буџет 3.200.000,00**

**2.4 Подготовка на проекти и проектно управување, средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**

**2.4.1 Подготовка на проекти и проектно управување**

Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за туризам е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за туризам.
Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаења и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку:

1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции,
2. Превод на стручна литература,
3. Консултантски услуги за специфични проектни активности,
4. Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации,

**Превиден Буџет 200.000,00**

**2.4.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти**
Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект.
Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

- Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите** .

- Партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот Плански Регион согласно Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој.

- Заедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проект.**

**Превиден Буџет 1.200.000,00**

**2.5 Имплементација на “Стратегијата за одржлив развој на туризмот во Охрид“**

**2.5.1. финансирање на локални микропроекти за потикнување на развојот на туризмот, согласно стратегијата за развој - подобрување на условите за сместување и квалитетот на услугите на станоиздавачите од мал обем**.
Реализација на разни проекти и активности кои произлегуваат од „Стратегијата за развој на туризмот во Општина Охрид”, а кои се зацртани како најважен приоритет во нејзината имплементација.

**Превиден Буџет 1.200.000,00**

**2.6 Презентација на сместувачките капацитети/развој на информативен систем**

5. Презентација на туристичката понуда,
6. Презентација на сместувачките капацитети,
7. Развој и одржување на софтвер за контрола и евиденција на туристи во сместувачките објекти и евиденција на таксата за привремен престој.
8. Развој и одржување на софтвер за презентација, евиденција на сместувачките капацитети,
9. развој на информативен систем
10. безжичен интернет во градско централно подрчје
11. поставување на инфо пултови

**Превиден Буџет 500.000,00**

## Вкупно 12,050.000,00

РЕКАПИТУЛАР

| **Г2 ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 год** | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Активност | | Износ |
| 1 | **2.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) и управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO** | | |
| | | 2.1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | 50,000.00 |
| | | 2.1.2 Туристички информативни центри | 600,000.00 |
| | | 2.1.3 Управување со туризмот во подрачја заштитени од UNESCO, Имплементација на проект СУСТКУЛТ | 600,000.00 |
| | | 2.1.4 Одбележување (сигнализација) на туристичките места | 400,000.00 |
| | | Вкупно 2.1 | 1,650,000.00 |
| 2 | **2.2 Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.2.1 Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми. | 300,000.00 |
| | | 2.2.2 Соработка со странски туроператори | 300,000.00 |
| | | 2.2.3 Презентација на меѓународни туристички берзи | 2,800,000.00 |
| | | 2.2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи | |
| | | Поддршка на активности од календарот на туристички настани во Општина Охрид, | |
| | | Организација на "ЛЕТО 2013", | 700,000.00 |
| | | Вкупно 2.2 | 4,100,000.00 |
| 3 | **2.3 Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичката понуда** | | 3,200,000.00 |
| | | Вкупно 2.3 | 3,200,000.00 |
| 4 | **2.4 Подготовка на проекти и проектно управување, средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | |
| | | 2.4.1 Подготовка на проекти и проектно управување | 200,000.00 |
| | | 2.4.2 Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | 1,200,000.00 |
| | | Вкупно 2.4 | 1,400,000.00 |
| 5 | **2.5 Имплементација на "Стратегијата за одржлив развој на туризмот во Охрид"** | | |
| | | 2.5.1. финансирање на локални микропроекти за потикнување на развојот на туризмот, согласно стратегијата за развој - подобрување на условите за сместување и квалитетот на услугите на станоиздавачите од мал обем | 1,200,000.00 |
| | | Вкупно 2.5 | 1,200,000.00 |
| 6 | **2.6 Презентација на сместувачките капацитети/развој на информативен систем** | | |
| | | 2.6.1 Презентација на сместувачките капацитети | 1.200.000.00 |
| | | 2.6.2 Развој на информативен систем | 500,000.00 |
| | | Вкупно 2.6 | 1.700,000.00 |
| | | **ВКУПНО** | **12,050,000.00** |

**Број 07-2676/10-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска.с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2013-2015 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013-2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година

**Број 08 -2676/11**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески.с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2013-2015 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013 - 2015 год.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013-2015 година број 07-5664/8 од 28.12.2012 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/11**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска, с.р**

**ПРОГРАМА FAO**
**ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2013 ГОДИНА**

Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013 година, изработена од Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, ги одредува насоките за решавање на комуналните проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, притоа обезбедувајќи основни услови за развој на општината и зголемување на квалитетот на живеење на нашите граѓани. Програмата го продолжува континуираниот развој на општина Охрид и зголемените инвестициони активности на општината во изминатиот период.

Изработена е врз основа на анализите направени за можната реализација на урбанистичките планови во народниот период, писмените забелешки на граѓаните, разговорите со дел од жителите на општината, редовните контакти на Градоначалникот и стручните служби, со одборите на месните заедници, програмите на МЗ кои се доставуваат до општинските служби, како и согледувањата на стручните служби.

Согледувајќи го погоре изнесеното, направен е предмер пресметка за висината на инвестициите, врз основа на цените и вредноста на реализираните проекти во минатите години.

Имајќи ја предвид реалната ситуација и проблемите со кои се соочува општина Охрид на финансиски план, сепак се надеваме дека оваа програма ќе биде реализирана во целост, а со тоа ќе одговориме во најголем дел на потребата на граѓаните.

Со оваа програма посебно се опфатени следните сегменти, и тоа:

-изработка на урбанистички планови;

-подготвување и расчистување на земјиштето со посебен акцент на решавање на имотно-правните односи;

-изработка на водоводна, канализациона и мрежа за одводни води;

-довод на нисконапонска мрежа до градежните парцели;

-асфалтирање, тампонирање, поставување на улични рабници и поплочување на тротоари;

На дел од улиците ќе се врши делумна санација на истите, на дел тампонирање, на дел целосна санација и тоа по однос на целосната инфраструктура.

За целосна реализација на ова програма, потребно е да се реши финансирањето на истата, па за таа цел ги предлагаме следните извори на финансирање:

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

А)Надомест за уредување на градежно земјиште

Б) Изворни приходи на општината

В) Сретства од Министерство за транспорт и врски

**Вкупно приходи....................... 90.800.000,оо**

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

Во овој дел се опфатени средствата потребни за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти.

**ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

Во овој дел се регулира решавањето на имотно-правните односи и исплаќањето надоместок за експропријација на земјиште.

За овие потреби за 2013 година се предвидуваат
средства во висина од..................................................... **3.000.000,оо**

Со овие средства се предвидува да се решат дел од имотно-правните односи и експропријација на земјиште за предмети кои се доставени од граѓани по редослед на доставени предмети и тоа:

**Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е утврдено согласно Одлуката донесена од страна на Советот на Општина Охрид објавена во Службен гласник на

Општина Охрид на ден 05.02.1999 година, каде се утврдени зоните и цените по метар квадратен за секоја зона.

**Распоредот на средствата за финансирање, изградба и одржување на инфраструктурата се извршени на следниот начин:**

**АСФАЛТИРАЊЕ**

-изградба на улица "Абас Емин" со тротоари..........................13.614.275,оо
- изградба на кружна раскрсница Асном- К.Војвода-.........................9.200.000,оо
- улица "Богомилска"........................................................................2.510.000,оо
- реконструкција и изградба на патека према Парк ......................... 10.000.000,оо
- рехабилитација на Крум Точко со краци 1,2 и 3 ............................21.161.092,оо
- други непредвидени улици од дел асфалтирање..............................3.000.000,оо
- санација и крпејне на ударни дупки ……………………..……….. 4.500.000,оо
- реконструкција на улица "1-ва Мак.ударна бригада" дел 1..........10.115.745,оо
- реконструкција на асвалтна патека од Регионален патен правец
Охрид-Св,Стефан до ресторан Парк................................................2.500.000,оо

**ТАМПОНИРАЊЕ**

- тампонирање на улици и патишта..............................................4.000.000,00

**ИЗГРАДБА НА КРУЖНИ РАСКРСНИЦИ, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ФОРМИРАЊЕ НА НОВИ РАСКРСНИЦИ И ИЗВЕДБА НА ПАРКИНГ МЕСТА**

- изградба и уредување на постојни кружни раскрсници ...................200.000,оо
-паркинг пред згради.........................................................................1.200.000,оо
- изградба на нови паркинг места во Стар Град ............................... 1.600.000,оо
- други непредвидени раскрсници ...................................................... 1.000.000,оо

**ПОСТАВУВАЊЕ НА УЛИЧНИ РАБНИЦИ**

- поставување на улични рабници по потреба................... 1.000.000,оо

**ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ И УЛИЦИ**

- изградба на пешачка патека Охрид-Парк-Св,Стефан, 1-ва фаза
Охрид- хотел Парк ........................................................................ 9.000.000,оо
- изградба на пешачка патека на улица "Асном" ................................1.000.000,оо
- изградба на потпорен ѕид во с.Пештани ............................................1.000.000,оо
- краци од пешачка патека во МЗ Кошишта....................................... 1.000.000,оо
-поплочување на пат позади црква Св.Климент во с.Велгошти …....1.000.000,оо
-поплочување на улици во стариот дел од градот $P = 1000m^2$ .........1.500..000,оо
-санација на ѕидови во стариот дел од градот ....................................1.000.000,оо
- други непредвидени улици ..............................................................2.000.000,оо
-поплочување на тротоари во нас. Даљан…......................................1.000.000,оо
- поплочување на крак од ул.Сирма Војвода ( Кај Т.С. Охрид).........1.000.000,оо

**ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА** - - типизира тезги ........................................................................1.200.000,оо
- опремување на автобуски постојки....................................... 1.200.000,оо
- клупи.................................................................................................. 200.000,оо

- кошнички за отпадоци............................................................... 100.000,оо
- жардињери за цвеќе,жива ограда............................................. 100.000,оо
- поставување на пепелници...................................................... 100.000,оо
- поправка и одржување на опрема............................................ 200.000,оо

За реконструкција на пречис. станици
и колектори .........................................................................3.000.000,оо
Рушење на објекти ...............................................................1.600.000,оо

изградба на спортски и детски игралишта
и училишни спортски сали ............................................... 3.000.000,оо
реконструкција на дрвореди …..........................................................500.000,оо

**ВКУПНО РАСХОД 109.301.112,оо**

**За разликата на сретствата ќе се бараат сретства преку фондови од Влада на РМ и фондови на ЕУ. Доколку дел од активностите не се реализираат во тековната година, истите ќе бидат реализирани наредната година.**

**ДИНАМИКА НА ИЗВРШЕНА РАБОТА**

Динамиката на извршување на активностите за реализација на програмата ќе се одвива согласно приливот на средствата, приоритет ќе имаат објектите кои се поврзани со развој на туризмот. За реализираните програмски задачи, Советот на општина Охрид ќе добива редовни квартални извештаи.

**Број 07-2676/11-1**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за други комунални услуги за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/12**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с,р,**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2013 ГОД**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за други комунални услуги за 2013 год.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за други комунални услуги за 2013година број 07 – 5664/13 од 28.12.2012 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2676/12**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р**

**ПРОГРАМА J80**
**Други комунални услуги за 2013 година**

**Е) ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

1. **Река „Даљан“** - Потребно е прочистување на река „Даљан“ од вливот во Охридско Езеро,и попречните канали према Охрид ..................... **300.000,оо** ден
.
2. **Река „Коселска“**- Потребно е прочистување на речното корито од КО Косел возводно до КО Орман и ги опфаќа од потенцијално поплавување површините и во КО Горно и Долно Лакочереј .......................................... **400.000,оо** ден

3. **Река „Вапилица“**-Потребно е и на оваа река регулирање на речното корито во КО Вапила на м.в. Топли дол и тоа на потегот од асфалтната база на АД „Маврово“ до КО Вапила и над асфалтната база од 1200м.(600м.)......**110.000,оо** ден.
4. **Летничка река** - На оваа река потребно е целосно и темелно прочистување на речното корито од КО Велгошти - низ населбата 15/ти Корпус до вливот на Охридско езеро.
Целата должина изнесува околу 8км.(3400м.).................**400.000,оо** ден.
5. **Порој „Рача“** - На овој порој потребно е регулација поради стеснување на истиот и

фрлање на разновиден шут и отпад.
- Потребно е регулација од населбата Рача до вливот на езерото во должина од 2500м...........................................................**200.000,оо** ден.

6. **Скребатска река** - На овој потег од текот на реката потребна е регулација од КО Лескоец со посебен преглед и зафаќање на просторот под фабриката ЕМО заради заштита на земјоделски површини од Косел и Лакочереј. (300м.).....................................................................................**300.000,оо** ден.

7. **Река „Черова“** - На река Черова во КО Љубаништа потребна е посебна заштита на мостот од главниот пат за Св.Наум, како и чистење на вливот во езерото во должина од 1200м., како и машински ископ на нанос во горниот ток.........................................................................**300.000,оо** ден.

**8. Чистење на диви депонии** ........................................................................... **700.000,оо** ден

**9. Новогодишно украсување**...................................................................................**1.500.000,оо** ден.

**10.Дезинфекција,дезинсекција и дератизација** ...................................................**1.600.000,оо** ден.

**11. Изнајмување на мобилни тоалети ................................................................ 300.000,оо ден**

**В К У П Н О ...................................................6.110.000,оо**

**Број 07-2676/12-1**
**10.06.2013год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска.с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2013 ГОДИНА

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за јавни паркови и зеленило за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година

**Број 08-2676/13**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА**
**ЈАВНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2013 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за јавни паркови и зеленило за 2013 год.

**Член 2**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за усвојување на Програмата за јавни паркови и зеленило за 2013 год број 07 – 5664/17 од 28.12.2012година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/13**
**10.06.2013год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска.с.р.**

**П Р О Г Р А М А J70**

## Јавни паркови и зеленило

### Паркови и зеленило

Градското зеленило опфаќа површина на територијата на градот и тоа: паркови, скверови, зеленило на сообраќајници, дрвореди и др. Вкупната површина која треба да се одржува изнесува 74.329 м$^2$.

Површини на јавно зеленило кои треба да се одржуваат по видови изнесуваат:

- паркови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52.965 м$^2$
- скверови. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3.160 м$^2$
- зеленило долж сообраќајници. . . . . . . . . . . . . 16.854 м$^2$
- зеленило во жардињера на Булевар. . . . . . . . 1.350 м$^2$
- парк шуми во вонградско зеленило. . . . . . . . . . .340.000 м$^2$
- дрвореди долж сообраќајници број на стебла . . 2.378 бр.

Градското зеленило се одржува на површина од 74.329 м$^2$ која е во центарот на градот. Редовно се одржуваат тревните површини со косење, полевање, засадување сезонско цвеќе и негово одржување, како и одржување на постоечкиот саден материјал во парковите.

Дрворедите долж сообраќајниците исто така се одржуваат со нивно навремено окопување, чистење од трева, полевање преку сезона, кроење .

Зеленилото во жардињерата на Бул."Туристичка" на површина од 1.350 м$^2$ се одржува со редовно чистење од трева, полевање и кроење.

Вонградското зеленило со вкупна површина за одржување го опфаќа локалитетот вКалег со површина од 340.000 м$^2$. За адекватна заштита и одржување на овие површини потребно е нивно редовно чистење, проредување на шумата со чистење на сувите дрва, засадување на нови и сл.

Изминатата година се изградија нови зелени површини на кружни текови и скверови, како и нов парк на потегот кај каналот од суводолицата кај Рача.

## ПОВРШИНИ НА ГРАДСКО И ВОНГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО КОИ ЌЕ СЕ ОДРЖУВААТ ВО 2013 ГОДИНА

**Градско зеленило**

| **реден број** | ***подрачје*** | ***м$^2$*** |
|---|---|---|
| 1. | вСтара банав | 100 |
| 2. | Плоштад | 2.500 |
| 3. | "Дом на култура"- према езеро | 1.665 |
| 4. | "Дом на култура"- западна страна | 3.300 |
| 5. | вКеј Маршал Титов прелази, тротоари | 18.900 |
| 6. | Сквер на ул. " Ј.Сандански" и " Питу Гули" | 3.160 |
| 7. | Парк " Мазија" | 23.000 |
| 8. | ул. " 7-ми Ноември" | 3.200 |
| 9. | Бул." Туристичка" | 13.340 |
| 10. | Жардињера на Бул."Туристичка" | 1.350 |
| 11. | Парк пред нас.Рача | 3.500 |
| 12. | Кружен тек на Бул.вТуристичкав со вАСНОМв | 314 |

***Вкупно: 74.329м$^2$***

**Дрвореди**

| **реден број** | ***подрачје*** | ***бр.*** |
|---|---|---|
| 1. | вБул.Туристичкав | 1.830 |
| 2. | ул. вЈане Санданскив | 90 |
| 3. | ул. "Партизанска" | 60 |
| 4. | ул. "Димитар Влахов " | 80 |
| 5. | ул. "Македонски Просветители" | 80 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | " Кеј Маршал Тито" | 146 |
| 7. | Канал Биљанини извори | 32 |
| 8. | ул."Марко Цепенков" | 30 |
| 9. | ул. "АСНОМ" | 30 |

***Вкупно: 2.378 бр.***

**Вонградско зеленило**

| **реден број** | ***подрачје*** | ***м²*** |
|---|---|---|
| 1. | вКалев | 340.000 |

***Вкупно: 340.000 м²***

## ВРЕДНОСТ НА РАБОТНА РАКА ПО ЧАС

---

41. квалификуван работник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 270,00 ден.
42. општ работник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 200,00 ден.

---

## ПРЕСМЕТКА НА ВРЕДНОСТА НА ИЗВРШЕНА РАБОТА

---

1. гребулање на трева пред машинско косење 0,88 ден./м²
2. машинско косење на тревник 11,00 ден./м²
3. собирање на трева по машинско косење со изнесување собрана трева 3,30 ден./м²
5. поливање тревници, дрва и грмушки 4,40 ден./м²
6. чистење на трева од лист со изнесување 3,30 ден./м²

- садење на цветни површини со , ѓубрење и расадување ( вклучен и расад ) 44,00 ден./бр.
- прашење и полевање на сезонско цвеќе 40,00 ден./м²
- окопување на дрва и грмушки 38,10 ден./ бр.
- окопување и прашење трендафили 26,00 ден./м²
- кроење-режење трендафили 27,00 ден./бр.
- кроење-режење грмушки 130,00 ден.бр.
- собирање хартија и отпадоци 200,00 ден.

---

**Напомена:** Димензионирањето на работна рака за одржување на јавните парковски површини е според Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши Ј.П."Охридски Комуналец" - Охрид усвоена од Совет на Општина Охрид бр.07-166/12 од 26.06.2008 год., објавена во Службен гласник на Општина Охрид бр.1/12.

# *КАЛЕНДАР*
# *ЗА РАБОТА НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2013 ГОДИНА*

| *Вид на операција* | *Јан.* | *Фев.* | *Март* | *Апр.* | *Мај* | *Јун.* | *Јул* | *Авг.* | *Сеп* | *Окт.* | *Ноем.* | *Дек.* | *Вк.* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | | | | | | | | | | | | | |
| паркови | | | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | | | 18 |
| Бул."Туристичка" | | | | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | | | | 9 |
| ул.´Ј.Санд." и "7 -ми Ноем.´ | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 5 |
| парк Рача | | | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | | | 14 |
| Собир.трва по маш. косење со изнес. | | | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | | | 18 |
| Полив.трев.дрва и грмушки | | | | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 | | | | 12 |
| Чистење трева од лист со изнесување | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Сад.цвет. површ.со опер.ѓубр. и расад. | | | 1 | | | | | | | | | | 1 |
| Праш.и полев.сезон.цвеќе | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 3 |
| Окоп.дрва и грм. | | | | 1 | | | | | | | | | 1 |
| Окоп.и праш.тренд. | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 4 |
| Кроење-режење трендафили | | | 1 | | | | | | | | 1 | | 2 |
| Кроење-режење грмушки | | | | | | | 1 | | | | 1 | | 2 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Собир.хартија и отпадоци | 31 | 28 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 31 | 30 | 31 | 30 | 31 | 365 |

## ***ИНТЕНЗИТЕТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2013 ГОДИНА***

| Вид на операција | Квалиф. | Един.мера | Количина | Број пати | Вк. количина |
|---|---|---|---|---|---|
| Маш.косење трева | КВ | $M^2$ | | | |
| - паркови | | | 49.465 | 18 | 726.570 |
| - Бул."Туристичка" | | | 13.340 | 9 | 120.060 |
| -ул."7 Ноември" и "Ј.Сандански" | | | 6.360 | 5 | 31.800 |
| - парк Рача | | | 3.500 | 14 | 49.000 |
| Собир.трева по маш.косење со изнес.трева | ОР | $M^2$ | 40.365 | 18 | 726.570 |
| Полив.трева, дрва и грмушки | КВ | $M^2$ | 40.365 | 12 | 484.380 |
| Чистење на трева од лист со изнесува. | ОР | $M^2$ | 38.000 | 2 | 76.000 |
| Садење цветни површ. со ѓубрење и расадување | КВ | Бр. | 7.000 | 1 | 7.000 |
| Праш. и полев.сез.цвеќе | КВ | Бр. | 7.000 | 3 | 21.000 |
| Окоп. дрва и грмушки | ОР | Бр. | 2.680 | 1 | 2.680 |
| Окопување и прашење трендафили | ОР | $M^2$ | 1.200 | 4 | 4.800 |
| Кроење-режење трендафили | КВ | Бр. | 3.000 | 2 | 6.000 |
| Кроење-режење грмушки | КВ | Бр. | 1.300 | 2 | 2.600 |
| Собирање харт.и отпад. | ОР | дена | 365 | 1 | 365 |

Покрај горенаведените активности, предвидени се и акривности околу одржување (косење на трева со грбна косачка, чистење на трња и грмушки) и на улици и населби во поширокото градско подрачје.

| **улица** | ***бр.пати*** |
|---|---|
| ул. "АСНОМ" | 4 |
| ул."Марко Цепенков" | 2 |
| ул."Егејска" | 2 |
| ул."Железничка" | 2 |
| ул."Гоце Делчев" | 6 |
| ул."С.Војвода" | 3 |

| | |
|---|---|
| ул."15-ти Корпус" | 3 |
| ул."Галичица" | 3 |
| ул."Никола Карев" | 3 |
| ул."Кленоец" | 3 |
| ул. "Аргир Маринчев" | 2 |
| нас."Х.Узунов" | 3 |
| нас."Даљан" | 5 |
| нас."Св.Стефан" | 2 |
| с. Пештани | 2 |
| нас."Варош" | 8 |
| канал на Б.Извори | 3 |
| сооб.клучка | 5 |
| Спомен парк на Револуција | 2 |
| дворно место на Општина Охрид | 12 |
| Од канал Б.извори до х.Парк | 3 |
| Нас.Г.Делчев | 3 |
| с.Трпејца | 2 |
| с.Лакочереј | 2 |
| с.Лескоец | 2 |
| с.Велгошти | 2 |
| Нас.Рача | 2 |
| Нас.Лагадин | 2 |
| Ул.Будва | 2 |
| Ул.Винковачка | 2 |
| Парк Св.Софија | 10 |

Од буџетот на Општина Охрид за одржување на градското зеленило ќе се обезбедат средства во износ од 6.000.000,оо ден.

**Број 07-2676/13-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2013 ГОД. (КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ)**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за усвојување на Програмата за јавни паркови и зеленило за 2013 год. (Капитални инвестиции), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година

**Број 08-2676/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2013 ГОД. (КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ)**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за јавни паркови и зеленило за 2013 год. ( капитални инвестиции)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ПРОГРАМА ЈМО**

## Јавни паркови и зеленило

КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ

**И З Г Р А Д Б А Н А Н О В И И Р Е К О Н С Т Р У К Ц И Ј А**
**НА ЈАВНИ ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ ВО ОХРИД ВО 2013 ГОД.**

За 2013 година се предвидени следните активности:

Изградба на нови парковски површини кои ќе бидат инфраструктурно и партерно уредени на следните локации

1.Изградба на потпорен зид и озеленување во село Пештани

2. Холтикултурно уредување на зелен појас на регионален пат од Билјанини Извори до Св.Стефан

1. Потег од канал кај суводолица Рача до канал пред ресторан Парк,

2. Нас.Дaљан на делот од градската плажа;

3. Хортикултурно уредување на сообраќајната клучка на влезот во Охрид (магистрален пат Скопје-Охрид);

4. Засадување на пет нови кружни тека на Бул.вТуристичкав.

5. Подигање на зелени површини низ градот и населбите секаде каде што е предвидено по урбанистички планови зеленило од јавен карактер

...................потребни средства..........................................5.500.000,00

Со цел поефикасно одржување на јавните парковски површини, во 2013 год. предвидено е поставување на системи за наводнување:

1.Нов систем за наводнување на сообраќајната клучка на влезот во Охрид (магистрален пат Скопје-Охрид);

3. Системи за наводнување на новите кружни текови,

потребни редства..........................................500.000,00

Исто така предвидено е реконструкција и одржување на дрвореди на:

- улиците "Партизанска",вМакедонски Просветители",вЈане Сандански в, в7-ми Ноемврив,"Марко Цепенков" и "АСНОМ";

потребни средства....................................................................1.000.000,00

Од буџетот на Општина Охрид за 2013 година, за изградба на нови јавни парковски површини и реконструкција на дрвореди ке се обезбедат 7.000.000,оо денари.

**Број 07-2676/14-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2013 Г.**

## ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА ОХРИД

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува комуналниот ред во општина Охрид и се пропишуваат мерки за спроведување на комуналниот ред.

**Член 2**

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира поблиско уредување на односите помеѓу давателите и корисниците на комуналните услуги и начинот на вршење на комуналните дејности.

Под мерки за спроведување на комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбира донесување на програмите, давателите на услуги и постапка утврдена со Закон и утврдувањето на изворите на средствата за финансирање на комуналната дејност, надзорот над спроведување на одлука и казнените мерки предвидени за прекршителите.

**Член 3**

Комуналните дејности што се уредуваат со оваа Одлука се:

1. Снабдување со вода за пиење;
2. Одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води;
3. Одржување на јавна чистота во градот и другите населби;
4. Одржување и користење на паркови, зеленило, парк –шуми, водни и рекреативни површини;
5. Собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад;
6. Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги;
7. Изградба и одржување на пазарите;
8. Ерадикација на животни скитници;
9. Аерозапрашување и дезинфекција и дератизација;
10. Одржување на комунални уреди;
11. Отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила;
12. Украсување на населени места;
13. Одржување на јавни санитарни јазли;
14. Уредување и организирање на јавен локален превоз на патници;
15. Одржување на улична сообраќајна сигнализација;
16. Изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти;
17. Регулирање на режимот на сообраќај;
18. Одржување на јавно осветлување;

19. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање;
20. Вршење на оџачарски услуги;

**Член 4**

Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:

-јавни сообраќајни површини ( улици, коловози, тротоари, пашачки патеки, велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и слични површини);

- јавни зелени површини ( паркови, парк – шуми, дрвореди, живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците и покрај јавните објекти и други слични површини);

Одредбите на оваа Одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа Одлука.

**Член 5**

Комуналните дејности од член 3 на оваа Одлука можат да ги вршат јавните претпријатија основани од општина Охрид, како и други домашни и странски физички и правни лица овластени од општината согласно Законот (во понатамошниот текст: даватели на услуги).

Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности од член 3, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

**Член 6**

Корисници на услугите во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски физички и правни лица кои ги користат услугите, објектите, опремата и површините во сферата на комуналните дејности на подрачјето на општина Охрид.

**Член 7**

Корисниците на услугите од член 6 на оваа Одлука се должни да се придржуваат на одредбите од оваа Одлука заради непречено и функционално вршење на овие дејности кои се од јавен интерес.

**Член 8**

Развојот на комуналната дејност се врши и насочува со донесувањето на планови и годишни програми што во утврдена постапка ги донесува Советот на општина Охрид.

**Член 9**

Финансирањето на комуналната дејност се врши според годишната програма и финансискиот план за тековната година усвоени од Советот на општина Охрид.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Снабдување со вода за пиење

**Член 10**

Под снабдување со вода за пиење се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода за пиење преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

**Член 11**

Дavател на услугата од член 10 на оваа Одлука е јавното претпријатие МЈП “Проаква“ Водовод Охрид, основано од општината.

**Член 12**

Вода за пиење е секоја вода во својата првобитна состојба или по третман, наменета за консумирање од страна на човекот, готвење, подготовка на храна или за други домашни намени, без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоводна мрежа или од цистерна и водата што се користи за производство на храна за производство, обработка, конзервирање или за продажба на производи или на материи наменати за консумирање од страна на човекот, освен доколку надлежните органи потврдат дека квалитетот на водата не може да влијае врз здравствената исправност на прехранбениот готов производ.

**Член 13**

Водоснабдителен систем е збир на хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење и тоа: водозафат ( места каде давателот на услугата зафаќа површинска и/или подземна вода ), резервоар, објект за обработка на вода, пумпна или хлоринаторска станица, главен довод, магистрален вод, улична водоводна мрежа и водоводен приклучок заедно со придружните објекти и опремата за довод на вода од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

**Член 14**

Снабдувањето со вода за пиење е дејност од јавен интерес.

**Член 15**

Давателот на услугата врши снабдување со вода за пиење со зафаќање, обработка и диструбуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Давателот на услугата го врши управувањето на водоснабдителниот систем.

Давателот на услугата утврдува надоместок за приклучувањето на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем и висината на надоместокот во зависност од водоводниот приклучок, трошоците за приклучување, хидротехничките услови и друго, за која висина согласност дава основачот,односно Советот на општина Охрид.

**Член 16**

Давателот на услугата е должен:

1. на корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем;

2. по исклучок од ставот 1 на овој член ако дојде до нарушување или прекин во давањето на услугата во случај на оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти, во случај на недоволна периодична издашност на извориштата, во случај на здравствена неисправност на водата за пиење или во случај на прекин во снабдувањето со електрична енергија таму каде давателот на услугата е зависен од истата, давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за нарушувањата или прекинот во давањето на услугата, согласно со Закон.

**Член 17**

Давателот на услугата е должен да врши испитувања на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка согласно со Закон и прописите кои произлегуваат од него.

Давателот на услугата е должен да ги спроведува санитарно – хигиенските мерки потребни за обезбедување на здравствено исправна вода за пиење согласно со Закон и прописите кои произлегуваат од него.

**Член 18**

1.Во случаите кога корисниците на услугата не можат да се снабдат со вода за пиење непрекинато над 24 часа, давателот на услугата е должен да ги снабди корисниците на услугата со вода за пиење на начин утврден со Планот за вршење на дејности во вонредни околности, согласно со стандардите и вредностите за квалитет на водата и неопходното количество на вода за пиење, донесен од давателот на услугата во согласност со основачот.

2. Давателот на услугата е должен да ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдување во случаите од ставот 1 на овој член.

Во случај на предвидливи прекини на водоснабдувањето, давателот на услугите е должен преку средствата за јавно информирање да ги извести корисниците на услугите за времетраењето на прекинувањето на водата за реонот каде таа ќе биде прекината, пред водата да биде прекината.

Во колку давателот на услугите не постапи според горенаведениот став, должен е на корисниците да им ја надомести причинетата штета од некористење на водата.

**Член 19**

Давателот на услугата е должен изградбата, реконструкцијата или доградбата на водоснабдителниот систем да ја врши на начин и услови определени со Закон и со Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Охрид.

**Член 20**

Давателот на услугата е должен на барање на инвеститорот пред добивањето на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект да издаде потврда за постоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа.

**Член 21**

Давателот на услуга обезбедува целосна документација за водоснабдителниот систем, заради воспоставување на подземен катастар.

**Член 22**

Одржувањето на водоснабдителниот систем го врши давателот на услугата од денот на добивањето на решението за употреба.

**Член 23**

1.При дефект на водоводната мрежа која поминува низ имот на физичко или правно лице, сопственикот, односно корисниот на имотот е должен да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот.

2. Во случаите од ставот ( 1 ) на овој член давателот на услугата е должен да го доведе во првобитна состојба и да ја надомести евентуалната штета настаната при отстранувањето на дефектот, согласно со закон.

3. Над земјиштето каде што е изграден водоснабдителен систем од јавен интерес се воспоставува право на службеност.

**Член 24**

Давателот на услугата е должен во случаи кога отстранувањето на дефектот бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина, претходно да прибави одобрение за раскопување од надлежниот орган при општина Охрид.

Доколку дефектот на водоснабдителниот систем бара итно отстранување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата го врши без да прибави одобрение, но за преземените мерки е должен писмено да го известува надлежниот орган при општина Охрид.

По завршувањето на работите, давателот на услугата е должен улицата, коловозот, јавната или зелената површина да ги доведе во првобитна состојба.

**Член 25**

При изведување на водоводната мрежа, давателот на услугите е должен да поднесе барање до надлежниот орган заради добивање на одобрение за градба.

**Член 26**

За приклучување на новите корисници на водоводната мрежа како и за зголемување на од порано добиената согласност за едновремен проток на потрошувачката на вода, корисниците на услугата, должни се од давателот на услугата претходно да прибават водоприклучна согласност.

Давателот на услугата ќе издаде водоприклучна согласност во рок од 30 дена сметано од денот на поднесувањето, ако тоа го дозволуваат техничките и економските можности, ако предвиденото зголемување на потрошувачката на расположивата вода е во согласност со програмата за развој и со плановите за изградба на јавниот водовод и ако со тековното зголемување на потрошувачката на вода битно не се влоши квалитетот, квантитетот на водоснабдувањето на постојните корисници на услугите.

Веднаш по добивање на решението за водоприклучна согласност, корисникот на услугите склучува договор со давателот на услугите за рокот за плаќање на надоместокот, рокот за приклучување, условите за реализација на водоприклучната согласност, почетокот на преземањето на водата по потреба и динамиката на преземањето на водата, како и други права и обврски.

До колку се предвиди подолг рок на надоместокот, со договор се дефинира начинот и времетраењето на плаќањето.

За секој приклучок давателот на услугите е должен да води техничка документација.

**Член 27**

Новите корисници на услугите може да бидат приклучени на постојниот јавен водовод до колку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и техничките нормативи со кои се обезбедува непречена испорака на квалитетна вода во договорената количина и проток, континуитет и безбедност на луѓето и објектите.

Новите корисници на услугите ќе бидат приклучени на јавниот водовод само ако водоводната инсталација во нивните објекти е изградена според важечките прописи и техничките нормативи и истата е изградена од правно или физичко лице што врши дејности, овластено да изведува водоводна инсталација.

До колку дојде до преместувањето на водоводната мрежа и приклучоци за спроведување на урбанистичкиот план, како и за доградба на подземни инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците ќе ги сноси инвеститорот на објектот кој го предизвикува преместувањето на водоводните линии.

**Член 28**

Бесправно изградените објекти не смеат да се приклучуваат на водоводната мрежа и систем.

**Член 29**

Давателот на услугите врши набавка и замена на водомерните делови на корисниците.

Корисникот на услугата е должен да се грижи за да не дојде до негово оштетување. До колку водомерот биде оштетен од негрижа на корисникот на услугите замената и поправката ќе се врши на негов терет. Во сите други случаи, поправката на водомерот и неговата замена паѓа на

товар на давателот на услугите, како и трошоците за редовно баждирање. До колку баждирањето дојде по вина на корисникот на услугите, торшоците паѓат на негов товар.

**Член 30**

Чистењето, монтирањето и демонтирањето на водомерите се врши од овластено лице на давателот на услуги. Корисникот на услугите е должен на овластеното лице да му овозможи непречено читање и демонтирање на водомерот ако за тоа постојат оправдани причини.

При оштетување на водоводна мрежа, давателот на услугите е должен да ги преземе потребните мерки за отстранување. Кога доаѓа до дефект на главната водоводна мрежа во колективните станбени објекти него го отстранува давателот на услугите, а трошоците за извршената работа ги поделува на сите корисници на водоводната линија и трошоците ги наплаќа преку сметката за потрошена вода.

**Член 31**

Давателот на услугата е должен да ја определи цената за метар кубен потрошена вода за пиење и надоместокот за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем согласно одредбите на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

**Член 32**

Давателот на услугата има право да го прекине снабдувањето со вода за пиење и одведување на урбаните отпадни води, во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот.

**Член 33**

Давателот на услугата е должен да врши испитување на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка согласно Закон и прописите кои произлегуваат од него.

**Член 34**

Користењето на водата од противпожарните и уличните хидранти е исклучиво наменски.

До колку физички или правни лица користат вода од противпожарните или уличните хидранти ненаменски, истите се исклучуваат од понатамошно користење на водата од хидрантите и ги сносат сите трошоци настанати за враќање во првобитната положба.

**Член 35**

Давателот на услугите, услугите за користење на вода, може да ги откаже во следниве случаи:

1. Ако местото каде што се наоѓа водомерот не е чисто, затрупано или е непристапно, а корисникот не ги отстрани недостатоците и по писмената опомена од овластеното лице на давателот на услуги;

2. Ако настане поголемо оштетување на водоснабдителниот систем, со цел да се отстранат оштетувањата со што ќе се спречи непотребно трошење на вода и правење штета на друг корисник;

3. Ако е донесено решение од страна на надлежен инспекциски орган;

4. Ако корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;

5. Ако корисникот на услугата не се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција спрема планот донесен од Советот на општина Охрид;

6. Ако водоводната мрежа на корисникот на услугата која е приклучена на уличната мрежа, ја поврзе со водоводна инсталација и уреди кои добиваат вода од индивидуални извори и техничка вода и

7. Ако корисникот на услугата бесправно користи вода пред водомер.

Трошоците за прекинување и повторно приклучување на водоводна мрежа, од овој член паѓаат на товар на корисникот на услугата.

**Член 36**

Корисниците на услугите се должни:

1. Пред добивање на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект, инвеститорот е должен да прибави потврда од давателот на услугата за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;

2. При дефект на водоводната мрежа која поминува низ имот на физичко или правно лице, сопственикот, односно корисникот на имотот е должен да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот;

3. Над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку три метри, корисникот на услугата не смее да депонира каков било материјал, со кој би се оневозможила нејзина употреба и користење.

4. Сопственикот или корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на водоснабдителниот систем;

5. Секој корисник на услугата е должен да има сопствен водомер како единствено мерно средство за определување на потрошувачката на вода на корисникот на услугата во поглед на фактурирањето;

6. Корисникот на услугата е должен да овозможи пристап на овластен работник на давателот на услугата заради читање на водомери и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на хидрофорските постројки и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на уличната водоводна мрежа;

7. Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и слично, корисникот на услугата е должен во рок од три дена од констатирањето на дефектот за тоа да го извести давателот на услугата.

8. Физичките и правните лица кои произведуваат и вршат промет со прехранбени производи и пијалоци, ако се лоцирани ( поставени ) на просторот опфатен со урбанистичкиот план на општината, во реоните каде што постои можност за користење на вода од водоснабдителниот систем, должни се да се приклучат и да ја користат водата од водоснабдителниот систем со кој управува давателот на услугата;

9. Корисникот на услугата е должен да се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција спрема Планот донесен до Советот на општина Охрид.

**2.Одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води**

**Член 37**

Отпадната и атмосферската мрежа се изведуваат посебно, при што атмосферската на смее да се постави под фекалната, а исто така во атмосферската канализација на смеат да се приклучат отпадни и фекални води.

**Член 38**

Под одведување и пречистување на отпадни води се подразбира прифаќање на отпадните води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот, како и чистење на септичките јами.

Одведување на урбани отпадни води е собирање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и низ слични простори во агломератот, од

приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување во пречистителните станици и испуштање на отпадните води во реципиентот.

Канализационен систем е збир на хидротрехнички објекти и тоа: колектори, магистрални канали, улична канализациона мрежа, атмосферска канализациона мрежа, црпни станици, сифони и постојки за пречистување на урбаните отпадни води.

Реципиент е секоја проточна и стоечка вода на површината на земјата во која се испуштаат урбаните отпадни и атмосферски води.

**Член 39**

Давателот на услугата е јавно претпријатие основано од општината кое ги исполнува условите на вршење на дејноста одведување и пречистување на отпадни води.

Корисник на услугата е правно или физичко лице сопственик на станбен, деловен, производен, административен и на нив сличен објект, вклучувајќи го и куќниот совет приклучен на канализационата мрежа.

**Член 40**

Давателот на услугата врши:

1. Одведување на урбани води во реципиентот, со нивно собирање од корисниците на услугата преку канализационата мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот;

2. Одведување на атмосферските води во реципиентот со нивно прифаќање од урбани површини, со одведување преку атмосферската канализациона мрежа и испуштање во реципиентот;

3. Управување и одржување на канализациониот систем;

4. Се грижи за исправното функционирање на целокупната канализациона мрежа, а за која цел се формира посебна единица за одржување;

5. Врши поправки на оштетените делови од објектите на канализационата мрежа;

6. Дава стручни упатства за изведување на дел од канализацијата што ја вршат граѓаните;

7.Обезбедува дежурна служба за отстранување на дефектите и недостатоците за потребите на канализационата мрежа;

8. Дава одобрение за приклучок и го извршува самиот приклучок;

9. Пропишува технички услови за изведување на приклучок и на објектите за приклучок;

10. Врши и други работи сврзани со управувањето и одржувањето на канализационата мрежа.

11. Ја утврдува висината на надоместокот за приклучување на корисникот на услугата во канализациониот систем по претходна согласност на Советот на општина Охрид.

**Член 41**

Давателот на услугата е должен на корисниците на услугите да им обезбеди трајно и непрекинато одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем.

**Член 42**

Изградба и реконструкција на канализационен систем се врши на начин и услови определени со Закон и Програмата за уредување на градежно земјиште на општината.

Пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект, инвеститорот е должен да прибави потврда од давателот на услугата за постоење или непостоење на канализациона мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализациона мрежа.

Доколку постои канализациона мрежа под објектот или на растојание од еден метар од надворешниот ѕид на објектот за кој се бара одобрение, инвеститорот е должен да изврши

реконструкција ( изместување ) на канализационата мрежа на негова сметка, по претходно добиени хидротехнички услови од давателот на услугата.

Давателот на услугата е должен претходно да прибави одобрение за раскопување од органот надлежен за издавање на одобрение за градење во случаите кога отстранувањето на дефектот на канализациониот систем бара раскопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина.

Доколку дефектот на канализациониот систем бара итно отстранување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна или зелена површина, давателот на услугата го врши без да прибави одобрение но за преземените мерки е должен писмено да го известува органот надлежен за издавање на одобрение за градење, односно Секторот за урбанизам и заштита на животна средина на општина Охрид.

По завршувањето на работите, давателот на услугата е должен улицата, коловозот, јавната или зелената површина да ги доведе во првобитна состојба.

Давателот на услугата е должен да ја надомести евентуалната штета на сопственикот на земјиштето настаната со изведување на работи во врска со вршење на премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од канализациониот систем.

**Член 43**

Давателот на услугата обезбедува целосна документација за канализациониот систем, заради воспоставување на подземен катастар.

**Член 44**

Одржувањето на канализациониот систем го врши давателот на услугата од денот на добивањето на решението за употреба.

Одржувањето на канализационата мрежа на корисникот на услугата е на негова сметка.

**Член 45**

Секој сопственик на изграден или делумно изграден објект е должен да ја спои својата куќна канализација со уличната, истовремено кога уличната канализација ќе биде изградена пред неговиот објект.

Корисниците на услугата се должни веднаш да го известат давателот на услугата за оштетувањето или дефект што ќе настане на канализационата мрежа на корисникот на услугата.

Во делови на градот и другите населени места во кои не е изградена фекална канализација, испуштањето на фекалните води се врши во септички јами, кои сопствениците се должни редовно да ги празнат.

Фекалните материи од септичките јами задолжително се изнесуваат со специјални возила и се испуштаат во канализациона мрежа на точно определено место.

**Член 46**

Корисниците на услугата кои вршат индустриска или трговска дејност не смеат да ги испуштаат индустриските отпадни води во канализациониот систем, пред да извршат потребно прочистување на начин утврден со Закон.

**Член 47**

1.При дефект на канализациониот систем кој поминува низ имот на физичко или правно лице, сопственикот, односно корисниот на имотот е должен да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот.

2. Во случаите од ставот ( 1 ) на овој член давателот на услугата е должен да го доведе во првобитна состојба и да ја надомести евентуалната штета настаната при отстранувањето на дефектот, согласно со Закон.

3. Над земјиштето каде што е изграден канализационен систем од јавен интерес се воспоставува право на службеност.

**Член 48**

Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води во следните случаи:

- кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот;
- ако продолжувањето на одведувањето на урбаните отпадни води би претставувало опасност за трети лица или за животната средина и природа;
- ако физичкото или правно лице бесправно е поврзано на канализациониот приклучок;
- ако корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
- ако корисникот врши одведување на води со примена на киселина, алкохолни и други соли, води кои содржат бензин, нафта, разни масла и други хемикалии што разорно делуваат на каналските цевки и топли води со температура над 40 $C^{O}$;
- ако корисникот врши одведување на води и предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;
- ако корисникот врши одведување на води и предмети – причинители на заразни и паразитски заболувања и радиоактивно зрачење;
- ако корисникот врши одведување на отпадни води со предмети и примеси што можат да ја оштетат канализационата мрежа или да го попречат правилното функционирање на мрежата;
- ако корисникот со одведувањето на отпадна вода врши одведување на ѓубре, пепел, коски, гипс, цемент, песок, метал, стакло, пластични материи, крпи и други материи со поголем вискозитет што можат да ја оштетат или зачепат канализационата мрежа и отворените водотеци и го попречат нивното нормално функционирање;
- ако е донесено решение од надлежен инспекциски орган;
- ако настане поголемо оштетување на канализационата мрежа во имотот на корисникот, а со цел да се отстрани оштетувањето и сопре поголемо оштетување;

Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од претходниот став паѓаат на товар на корисникот на услугата.

**Член 49**

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над канализационата мрежа;
- приклучување на канализациона мрежа без одобрение за приклучување;
- испуштање на цврсти материи: песок, земја, цемент, вар, камења, дрва, пепел, трска, метал, стакло, пластични материи, катран и други слични материи со поголем вискозитет во канализациониот систем;
- испуштање на урбани води чија концентрација на сулфатниот јон е поголем од 400 мг/л,
- испуштање на отпадни материи и води кои ги оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем;
- испуштање на нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и еплозивни материи во канализациониот систем;
- приклучување на канализационен систем на објектите кои немаат одобрение за градање;
- испуштање на отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација, односно испуштање на атмосферски води во канализациониот систем за отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води;

- испуштање на индустриски отпадни води во канализационен систем без претходно извршено пречистување;
- испуштање на предмети и материи кои се причинители на заразни и паразитски заболувања и радиоактивно зрачење.

**Член 50**

Под одведување и испуштање на атмосферски води се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбаните површини, одведување со канализационата атмосфеерска мрежа и испуштање во реципиент.

Атмосферските води се сите површински води предизвикани од атмосферските врнежи кои преку сливниците се слеваат во атмосферската канализација.

Атмосферска канализација ( мрежа ) е збир на хидротехнички објекти кои служат за прифаќање, одведување и испуштање во реципиент на атмосферската вода од урбаните површини.

**Член 51**

Дејноста за вршење на одведувањето и испуштањето на атмосферските води, општината го доверува на јавното претпријатие за комунални дејности основано од општината ( во натамошниот текст: давател на услугата ).

**Член 52**

Давателот на услугата врши:

- прифаќање, одведување и испуштање на атмосферските води од урбаните површини преку атмосферскиот канализационен систем до рецепиентот;
- управување и одржување на атмосферската мрежа.

**Член 53**

Давателот на услугата е должен:

- трајно и непрекинато да обезбеди одведување на атмосферските води од урбаните површини преку изградената атмосферка канализациона мрежа;
- да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната атмосферска канализациона мрежа, а посебно да врши редовно прочистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на на атмосферската канализациона мрежа;
- да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во градежниот опфат на градот и населените места;
- во случај на поголеми врнежи од дожд или нагло топење на снегот да обезбеди дежурна служба за интервенција и итно санирање и отстранување на настанатите штети со цел да се обезбеди нормалното функционирање на атмосферската канализациона мрежа;
- да врши редовна поправка на оштетените делови од атмосферската канализациона мрежа;
- да обезбеди целосна документација на канализациониот систем за прифаќање на атмосферските води, заради воспоставување на подземен катастар.

**Член 54**

Заради заштита и спречување на оштетувањето на атмосферската канализациона мрежа се забранува:

- испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во системот на атмосферска канализација;
- испуштање на отпадни води од септичките јами и друг отпад во системот на атмосферската канализација;
- испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла и слично како и цврсти и течни запаливи материи и експлозивни материи во системот на атмосферската канализациона мрежа;
- приклучување на фекалната канализација во атмосферската канализација;

- фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали и водотеци;
- оштетување на цевките на атмосферската канализациона мрежа и нејзините придружни објекти.

**3. Одржување на јавна чистота во градот и другите населби**

**Член 55**

Одржување на јавна чистота подразбира чистење ( метење и миење ) на јавни и сообраќајни површини и отворени простори на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови.

Под јавни и сообраќајни површини се подразбираат: улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои поврзуваат површини на јавен сообраќај, градски паркови, парк – шуми, улични тревници, видиковци, автобуски и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура и отворени простори околу други јавни објекти.

Секое физичко и правно лице е должно да се грижи за одржување на јавната чистота.

**Член 56**

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши Ј.П.„Охридски Комуналец“, основано од општината ( давател на услугата ).

За вршење на работите за одржување на јавната чистота, Советот на општината секоја година донесува годишна програма која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите.

**Член 57**

Корисниците, односно сопствениците на отворени простори на јавните објекти и дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

**Член 58**

За поблиско уредување на односите за одржување на јавната чистота, Советот на општината донесува одлука.

Контролата на одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистењето на снег и мраз, отстранувањето на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и мерките за спроведување на одлуката од став 1 ја вршат комунални редари, кои задолжително носат службена облека и службена легитимација која ја издава Градоначалникот на општината.

**Член 59**

Во оправдани случаи, поради загадување на јавните и сообраќајните површини поради временските непогоди, реконструкции и слично, Секторот за комунален развој и сообраќај при општината може да определи чистење на јавните и сообраќајни површини и надвор од донесената Програма од член 57 став 2.

**Член 60**

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасади на станбени и деловни објекти како и за слични градежни работи, може повремено да се користат јавните и сообраќајни површини или неизградено градежно земјиште само со одобрение од страна на Секорот за комунален развој и сообраќај на општина Охрид.

Во одобрниeто од претходниот став треба да се утврдат условите и начинот на истовар, утовар или оставање на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот материјал и надоместокот за користење на јавната и сообраќајната површина.

При изведувањето на работите од став 1 на овој Член пред нивното започнување мора да се осигура проодноста на тротоарите, улиците и сообраќајните површини кои се зафаќаат, мора да се оградат со ограда која треба да се одржува, прописно мора да се означи и осветли и материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

Изведувањето на градежните работи мора да обезбеди земјата да не се растура по јавната површина при ископот на темели и слично. Мешањето на бетон, малтер и друг материјал мора да се врши во соодветни садови или на лимови.

Тротоарите и улиците на кои се поставени скелиња може да се исклучат од сообраќај само за време додека објектот што се гради не биде во висина на приземјето.

Преминот под скелето мора да е заштитен од паѓање на материјал со кој се гради со заштитен кров според градежниот план, а скелето да се направи така под него да може пешаците несметано да поминуваат.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со водорамни и вертикални заштитници.

По завршувањето на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи должен е да ги отстрани скелињата и другиот градежен материјал од јавните површини и истите да ги доведе во првобитна состојба. Ако јавната површина служи за истовар и утовар на растресит градежен материјал како песок, чакал и слично, на јавната површина може да се стави толку материјал колку што може да се користи или отстрани за еден ден.

**Член 61**

Покрај дрворедите не смее да се остава песок, чакал или друг градежен материјал.

**Член 62**

Во текот на извршувањето на градежните работи изведувачот е должен:

- да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков градежен и друг материјал, кал и слично кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;
- при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што се руши да го полива со вода заради спречување на ширење на прашината;
- сливниците за атмосферските води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да се чистат;
- да го транспортира градежниот материјал до и од градилиштето на начин што нема да го попречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и да го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

**Член 63**

Заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини е забрането:

- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал ( градежен шут);
- фрлање и оставање на хартија, опушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци освен на местата определени за таа намена;
- оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината;
- палење, закопување и уништување на смет;

- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;
- колење на кокошки и друга живина и животни;
-испуштање на отпадни води и други течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера;
-миење на возила и разни предмети од домаќинства и од вршење на дејности;
- сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично;
- паркирање на возила на растојание до десет метри од контејнер и други садови за собирање смет и оставање на товарни возила освен на места определени за таа намена;
- оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки;
- чување и напасување на крупен добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи;
- превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец;
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки;
- мешање на бетон, малтер, освен на места што ќе ги определи општината;
- растурање на сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање смет;
- фрлање, односно оставање на смет до контејнер и други видови на садови за собирање на смет;
- фрлање смет од кој било кат од станбена зграда или куќа, во двор;
- поставување на контејнери и други видови садови за собирање смет надвор од определени места за нивно поставување, согласно со новната намена,
- палење и уништување на садовите за собирање смет;
- уништување на урбаната и друга опрема ( клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта);
- плукање или секнење нос на јавни површини;
- испишување на графити, лепење на плакати на кое било јавно место и јавен објект;
- вршење на физиолошки потреби;
- перење на килими, теписи, постелина и други материјали на балконите и терасите на индивидуалните и колективните станбени објекти, деловни објекти и простории и објектите за јавна намена кои се лоцирани кон улицата;
- варење на ракија, приготвување зимница и слично;
- исфрлање на отпад и други отпадоци од морторни возила;
- поставување контејнери за отпадоци, канти и слично надвор од определеното место за таа цел;
- фрлање на летоци и друг пропаганден материјал без одобрение од надлежниот орган на општината.;
- оставање на пловни објекти на јавна површина на приобалниот дел од езерото, освен на локалитетите Сараиште и Канео, во период од 1-ви септември до 1- ви мај;

**Член 64**

Правните и физичките лица сопственици на отворени простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти се должни тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

**Член 65**

Организаторите на јавни манифестации ( културни, спортски и други) на митинзи, прослави и други собири се должни да склучат договор со јавното претпријатие за вонредно чистење на просторот.

**Член 66**

Во зимски услови при снежни врнежи, општината односно јавното претпријатие е должно да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

Во зимски услови при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

**Член 67**

Сите сопственици, односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена.

Правното лице што ги врши работите на одржување на јавната чистота е должно сметот од јавните површини редовно да го собира и остава на места определени за таа намена.

**Член 68**

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја утврдува Советот на општина Охрид во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата – обемот за одржување на јавните површини.

4. **Одржување и користење на паркови, зеленило, парк – шуми, водни и рекреативни површини**

**Член 69**

Под одржување, користење на паркови, зеленило, парк – шуми, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично.

**Член 70**

Парковите се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за рекреација.

**Член 71**

Парковите, зелените површини ( тревници, дрвореди, скверови ) парк – шумите и шеталишта ги одржува ЈП“Охридски Комуналец“.

Одржувањето и уредувањето на парковите се врши врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на општината.

**Член 72**

Под зеленило се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди ( во понатамошниот текст: зелени површини).

Зелените површини можат да бидат:

1. јавни зелени површини и
2. зелени површини на урбани заедници и објекти.

Под јавни зелени површини се подразбираат зелените површини покрај улиците, плоштадите, културно – историските споменици, јавните паркиралишта, детските игралишта и дворните места на јавните објекти на општината.

Под зелени површини на урбани единици и објекти се подразбираат зелените површини во дворните места на претпријатија и други правни лица, образование, културни, здравствени и други установи, околу станбени објекти и дворни места на физички лица.

**Член 73**

Одржувањето на зелените површини опфаќа:

- подигање – садење, одгледување и обновување на зелените површини;
- заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници;
- чистење на озеленетите површини.

Одржувањето на јавните зелени површини го врши јавното претпријатие основано од општината.

Одржувањето на зелените површини на урбаните единици и објекти го вршат сопствениците, односно корисниците на тие објекти за сопствена сметка.

**Член 74**

Парк – шума е подрачје со посебни природни карактеристики кое се одликува со своевиден панорамски изглед и особено природна убавина настаната на природен начин, односно тоа се делови од просторот кои со своите географски особености и творбите на човекот се истакнуваат од другата околина и имаат излетничко – рекреативено, историско, естетско, културно или научно значење.

**Член 75**

Сечење и кастрење на дрвја во сите зелените површини од член 72, може да се врши заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако пречат на подземни и надземни инсталации, кога се оштетени од елементарни напогоди, заради изградба на инвестициони објекти или заради реконструкција на зелените површини.

За сите дејствија и работи од претходниот став потребно е да се има одобрение од комисија за преземање мерки и активности за отстранување дрвја на формирана од Градоначалникот на општината.

**Член 76**

На зелените површини може да се врши прекопување за поставување на подземни или надземни инсталации, изградба на инвестициони објекти и објекти на граѓаните само со одобрение на Секторот за комунален развој по претходна прибавено одобрение од давателот на услугата.

Одобрението од претходниот став на овој член треба да содржи определување на рок во кој треба работите да се завршат како и рок во кој треба зелените површини да се вратат во првобитна положба. Трошоците за извршување на сите работи утврдени во став 1 на овој член се на товар на инвеститорот, односно изведувачот на работите.

**Член 77**

На зелените површини и на земјиштето на кое е предвидено да се уредува зелената површина, телефонска, електрична и друга инсталација може да се монтира само подземно.

**Член 78**

Во парковите, јавните зелени површини и парк – шумите забрането е:

- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
- било какво оштетување на зеленилото ( соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, корнење на цветни и тревни посеви и слично );

- собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- копање и изнесување на земја, копање канали, вршење прекопи и слично;
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото предвидено за таа намена;
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично на и покрај зелените површини;
- чување и пасење на добиток и живина;
- чување и испаша на пчели;
- поставување на рекламни паноа и лепење на плакати на дрвја;
- поставување, поправање, замена на објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, киосци, рекламни паноа, знаци, патокази, натписи и слично без одобрение од надлежниот орган;
- возење, запирање, паркирање и оставање на моторни возила;
- кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци, на чешмите, канделабрите и на други објекти што им служат на зелените површини;
- вршење на било каква работа која доведува до уништување на зелените површини;
- пуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување;
- истоварање, оставање и складирање на разен материјал ( огревно дрво, јаглен, отпадно дрво, железо и слично );
- газење во тревните и цветните површини во парковите;
- кинење и корнење на цвеќе, трендафили и грмушки;
- палење на огнови во парковите и парк – шумите;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките ( светилки, носачи на жичани водови, скали и слично
- шетање кучиња во тревните и цветните површини во парковите.

## 5. Собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад

### Член 79

Под обработка на комунален цврст отпад се подразбира селектирање, собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на комунален цврст отпад од населението и индустирјата, како и мерките за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето за време на работата на објектите и на инсталациите за отстранување на отпадот, депонирање на уредени депонии, како и одржување на депониите.

Комунален цврст отпад е секој неопасен отпад што се создава од физички лица од домаќинствата и комерцијалниот отпад. Отпадот од домаќинствата е отпадот кој секојдневно се собира од домаќинствата, како и посебно собраниот опасен отпад од домаќинствата, кабаст отпад, градинарски отпад и слично. Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности, кој според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

Преработка на отпадот се операциите утврдени со Законот за управување со отпад, кои имаат за цел да се искористат употребливите материи и состојки на отпадот, а притоа ги опфаќаат постапките за повторно користење на отпадот како енергија, исклучувајќи го горењето на отпадот заради негово дефинитивно отстранување.

Отстранување на отпадот се операции што обезбедуваат конечно решение за отпадот што не може повторно да биде употребен или преработен, а притоа не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Рециклирање на отпадот е добивање супстанции од отпадот ( секундарни суровини ) и нивно користење како замена за примарните суровини или користење на својствата на

супстанциите содржани во отпадот за нивна првична намена или за други намени, исклучувајќи го директното користење на енергијата од отпадот.

Собирање на отпадот е активност на собирање, сортирање и / или мешање на отпадот заради транспорт.

Складирање на отпадот е организирана дејност за времено чување на создадениот отпад во објекти кои ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена, за период пократок од три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка или за период пократок од една година, доколку отпадот е наменет за отстранување

**Член 80**

Давател на услугата е ЈП„Охридски Комуналец“ основано од општината и кое поседува дозвола за собирање и транспортирање на комуналниот и на другите видови неопасен отпад, издадена од органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Создавач на отпад е правно или физичко лице кое создава отпад како резултат на дејноста или активноста што ја врши ( првичен создавач ) и / или секое лице кое изведува операции на третман, мешање или некои други операции поради кои се менува карактерот или составот на создадениот отпад (секундарен создавач).

**Член 81**

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот на следните категории:

1. амбалажен отпад ( хартија, пластика, стакло, дрво и слично);
2. отпад од дворни места ( цвеќе, трева, листови од дрвја, пилевина, гранки и слично),
3. отпадот настанат од делови на расипани апарати за домаќинствата, кујнски прибори, санитарни уреди и слично;
4. останатиот отпад од домаќинствата.

**Член 82**

Амбалажниот отпад се остава на посебните места за собирање, односно во контејнери за амбалажен отпад кои се поставуваат на јавните површини на места определени од општината.

Останатиот отпад од домаќинствата се става во вреќи во посебни садови за тој отпад и се остава на местата за собирање и селектирање на комуналниот отпад определен од општината.

Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата за собирање на опасниот дел од комуналниот отпад определени од општината.

**Член 83**

На подрачјето на општината комуналниот отпад се собира и транспортира организирано.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад, одржувањето на јавната чистота и третманот на комуналниот отпад, како и ракувањето и одржувањето на местата за селективно собирање на комуналниот отпад претставуваат јавни услуги од локално значење.

Собирањето, транспортирањето и / или третманот на комуналниот и други видови на неопасен отпад, за една или повеќе општини, Градоначалникот на општината може да му го довери на правни и физички лица, во постапка согласно со законот за концесии и јавно приватно партнерство.

**Член 84**

Отпадот може да се транспортира со специјални возила наменети за транспорт на отпад, затворени возила, контејнери или друг вид соодветни возила со кои се спречува растурање, испаѓање на отпадот за време на собирањето, транспортот, утоварот и/или истоварот.

**Член 85**

Сопствениците на зградите, становите и деловните простории и другите корисници на станбените и деловните простории ( во натамошниот текст: создавачи на отпад ) имаат обврска задолжително да ги користат услугите за одведување на комуналниот отпад на начин и под услови утврдени со оваа Одлука и другите прописи кои ги уредуваат овие односи.

**Член 86**

Отпадот од дворните места се собира во посебни вреќи за отпад и се оставаат пред влезовите на станбените, односно деловните објекти или до контејнерите за собирање на отпадот од домаќинствата.

Отпадот настанат од делови на расипани апарати од домаќинствата, кујнски прибор, санитарни уреди и слично се собира на места определени за таа намена по точно определен распоред за собирање.

Останатиот отпад од домаќинствата треба да се собира во посебни садови за тој отпад ( вреќи, канти, контејнери ) на места определени за таа намена.

**Член 87**

Отпадот од домаќинствата треба да се собира само во неоштетени вреќи што се изработени од цврст, непропустлив и непрозирен материјал.

Вреќите мораат да бидат цврсто врзани како не би дошло до испаѓање на отпадот и ширење на непријатен мирис.

Во вреќите не смее да се става жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

Вреќите за собирање на отпадот од домаќинствата ги набавуваат на свој трошок создавачите на отпадот.

Вреќите за отпадот од домаќинствата се ставаат на определените места во деновите и времето што ќе го одреди јавното претпријатие за комунални дејности или друго правно или физичко лице кое е овластено за вршење на дејноста собирање и транспортирање на отпадот.

За деновите и времето на собирање на отпадот од домаќинствата собирачот на отпад е должен да ги извести создавачите на отпадот.

Создавачите на отпадот се должни вреќите со отпадот да ги оставаат на место определено за тоа еден час пред одведувањето ( собирањето ) на отпадот.

**Член 88**

Зградите од кои отпадот од домаќинства се става во садови за отпад мораат да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број садови за отпад.

Бројот и видот на садовите за отпад за секоја пооделна зграда го одредува јавното претпријатие за комунални дејности или правното и физичко лице кое е овластено за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 89**

Садовите за отпад од домаќинствата ( контејнерите ) ги набавува правното или физичкото лице кое е овластено за собирање на отпадот на сопствен торшок.

По исклучок, за новоизградените објекти и новоотворените деловни простории садовите за отпад од домаќинствата ( контејнерите ) ги набавува инвеститерот.

Собирачот на отпадот е должен да ги пере, дезинфицира и дезинсекцира садовите за отпад најмалку два пати годишно и да ги одржува во исправна состојба.

Местата околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредена состојба за кои се должни да се грижат собирачите на отпадот.

**Член 90**

Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад така да не се расфрла и да не го валка просторот околу садот. Садовите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

**Член 91**

Забрането е изнесувањето и вадењето на отпад од садовите и контејнерите.

Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 92**

Динамиката на подигање на комуналниот отпад се предвидува во годишната програма на јавното комунално претпријатие и тоа по денови и реони, димензионирана според потребите на градот и фреквентноста на населението и сообраќајот.

**Член 93**

Собирачот на отпадот е должен при собирањето на отпадот и при одведувањето на отпадот да внимава отпадот да не се растура, да не се крева прашина, да не се оштетуваат садовите за отпад, како и  да не се валкаат и оштетуваат површините за сместување на отападот.

Ако при утовар и истовар во возилото, дојде до растурање на отпадот, собирачите на отпадот се должни истиот веднаш да го исчистат, а садовите да ги вратат на местото определено за нив и да ги затворат капаците на садовите и контејнерите.

**Член 94**

Депонија е објект наменет за површинско и подземно отстранување на отпадот, вклучувајќи ги и:

- внатрешните локации за отстранување на отпад каде што создавачот на отпад го отстранува сопствениот отпад на местото на создавање;
- определената локација која што се користи постојано за времено складирање на отпадот ( за повеќе од една година ) со исклучок на локации за претоварни станици и локации за складирање на отпадот за повторна употреба.

Депонирање е операција за отстранување на отпадот на депониите.

Со депонијата за комунален цврст отпад управува и се грижи за нејзино уредување и одржување јавното претпријатие за комунални дејности формирано од општина Охрид, а особено е должно:

- да го огради просторот на депонијата и да обезбеди контролорано влегување и излегување на возилата при депонирањето на отпадот;
- да обезбеди уреди и објекти за лична хигиена на работниците и миење и дезинфекција на возилата;
- површините што се покриени со отпад да ги покрие со земја во слој од најмалку 30-50 см и истите да ги озелени;
- да не дозволи палење на оган и горење на отпадот во депонијата;
- да преземе санитарно – хигиенски и ветеринари мерки за спречување на размножување на инсекти и глодари.

**Член 95**

Се забранува:

1. Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад и специјалните вреќи за отпад;
2. Фрлање и складирање во контејнерите и кантите за отпад на отпадоци кои не се сметаат за комунале цврст отпад;

3. Фрлање во контејнерите жар и други запалени материи, вода, киселина, моторни и други масла и други штетни и опасни материи;
4. Поставување и преместување на контејнери и канти за отпадоци надвор од за тоа определени локации;
5. Пребарување на отпад во корпите, катите и контејнерите од страна на физички лица;
6. Палење на отпадот во кантите и контејнерите;
7. Собирањето и транспортирањето на отпадот да се врши со средства и опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;
8. Вршење на собирање и транспортирање на комуналниот отпад без поседување на дозвола;
9. Постапување со отапдот на начин кој доведува до загразување на животната средина, животот и здравјето на луѓето:
10. Постапување ос отпадот на начин кој доведува до загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните граници;
11. Постапување со отпадот на начин кој создава бучава и непријатна миризба;
12. Постапување со отпадот на начин кој доведува до уништување на природните услови за животот на животните и растенијата;
13. Постапување со отпадот на начин кој доведува до уништување на заштитното културно наследство;
14. Постапување со отпадот на начин кој доведува до нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони;
15. Истурање и фрлање на отпад во канализационите и во другите инфраструктурни системи и објекти;
16. Вршење на собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад со средства и опрема која не е соодветна за вршење на истата дејност;
17. Преработување на отпад без поседување на дозвола за вршење на дејноста преработка, третман или складирање на отпадот;
18. Прифаќање на отпад што не содејствува со класата на депонијата;
19. Горење на отпад и согорување на отпад без дозвола.

**Член 96**

Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

**Член 97**

Создавачот и/или поседувачот на индустриски неопасен отпад е должен да го преработи што настанува со вршење на дејностите, на начин утврден со Законот за управување со отпад.

Правните и физичките лица кои постапуваат со индустриски неопасен отпад се должни да достават примерок од идентификациониот формулар до Градоначалникот.

**Член 98**

Штетни материи во смисла на оваа Одлука се хемиски супстанции што ги менуваат природните, хемиските, физичките, биолошките, бактериолошките состави и својства како и радиолошките особини на земјиштето, водата и воздухот.

Создавачите на индустриски отпад што содржи штетни материи се должни да ги преземат соодветните мерки согласно одредбите на Законот за управување со отпадот, Законот за заштита на животна средина и другите прописи кои ја регулираат оваа проблематика.

**Член 99**

Инертен отпад е отпадот што е отпорен и не подлежи на никакви значителни физички, хемиски или биолошки трансформации, не се раствора, не согорува и не реагира на друг физички или хемиски начин, не се биоразградува, а отпадот и неговиот исцедок не влијаат на друга материја со која доаѓа во допир, на начин на кој може да ја загрозат животната средина, животот на луѓето при што вкупното количество и содржина на загадувачките сусштанции во отпадот и токсичноста на процедокот мора да биде незначителен за да не го загрозува квалитетот на површинските и /или подземните води.

**Член 100**

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги определува местата за третман и отстранување на инертниот отпад во согласност со општинските планови за управување со отпад и во согласност со просторните и урбанистичките планови.

Посебно уредените депонии, односно определените места од став 1 на овој член ги одржува и со нив управува јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општината или правно или физичко лице кое од страна на Општината е овластено за вршење на истата дејност.

.

**Член 101**

Под депонирање на отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи утврдени со Закон кои немаат својство на комунален цврст и технолошки отпад се подразбира собирање, транспортирање, обработка и депонирање на овие отпадоци на уредени депонии, како одржување на депониите.

**Член 102**

Отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи се: градежен материјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок, кал, камења, тули, ќерамички отпадоци и слично.

Отпадоците од став 1 на овој Член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини.

Создавачите на отпадоци од став 1 од овој Член се должни да го отстрануваат, односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

**Член 103**

Со отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи се постапува согласно Законот за управување со отпадот што се однесуваат за инертен отпад.

**Член 104**

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци кои немаата својство на комунален отпад, се должни сами да го собираат и да го транспортираат отпадот на места определени од општината или истите да ги предадат на овластени правни и физички лица кои собираат и транспортираат отпад.

**Член 105**

Забрането е отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се изнесуваат од своите дворни места до денот на преземањето од страна на правните или физичките лица кои се овластени за собирање и транспортирање на отпадот.

Се забранува транспортирањето на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни транспортни возила што би предизвикало истурање на истиот на самите сообраќајни површини.

Забрането е оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини, јавно сообраќајните површини, неизградено градежно земјиште, во и покрај водните површини и слично.

Забрането е депонирање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи вон местата определени од стана на општината

**6.Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги**

**Член 106**

Под одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги во смисол на оваа Одлука се подразбира одржување на гробовите, гробиштата, просторот, зградите во просторот на гробиштата и давање на погребални услуги и тоа: преземање, чување, опремување и превоз на умрените до местото за закоп и закопот.

Гробишта во смисла на оваа Одлука се градежни изградени или неизградени земјиштата предвидени за градба на гробни места и придружни објекти наменети за погреб.

**Член 107**

Одржувањето на гробиштата, гробниците и на гробовите има јавен интерес и е во надлежност на општината.

Гробиштата се изградуваат, уредуваат и одржуваат во согласност со урбанистичките, санитарните и прописите за здравствена заштита и заштита на животната средина.

За припадниците на разни вероисповести, на гробиштата се определува дел за секоја вероисповед.

**Член 108**

Со гробиштата управува ЈП„Градски гробишта“ ( во натамошниот  текст: (управител на гробишта ).

Управителот на гробиштата донесува план за уредување, одржување и користење на гробиштата, го обезбедуваат закопот на посмртните останки на починатиот и водат евиденција за гробните места.

Носител на гробно место е физичко лице кое има лична службеност на гробно место востановена на товар на  градежно земјиште

**Член 109**

На гробиштата, освен гробовите, гробниците, надгробните споменици и надгробните знаци, можат да се градат само објекти за санитарна и техничка служба на гробиштата, мртовечница за чување на умрените до закопот и други објекти во функција на гробиштата.

**Член 110**

Простор за гробно место доделува на користење управителот на гробиштата. Гробното место може да се додели на користење и пред настанување на потребата за закопување на член на семејството на починатиот.

За користење на земјиштето за гробови управителот на гробиштата наплаќа надоместок во висина утврдена од Советот на општината.

Надоместокот за гробните места и сите други приходи од гробиштата можат да се користат само за одржување и уредување на гробиштата.

**Член 111**

За уредување и одржување на гробиштата се грижи управителот на гробиштата.

Носителот на гробно место се обврзува редовно да плаќа гробарина ( гробна такаса ) за одржување на гробиштата со надоместок во висина утврдена од Советот на општината.

Управителот на гробиштата, гробарината ја наплатува еднаш годишно.

**Член 112**

Управителот на гробиштата мора да се грижи  гробиштата да бидат заградени, чисти и уредни, како и за одржување на патеките и зеленилото.

Управителот на гробиштата мора да обезбеди потребни санитарно – технички објекти во гробиштата како што се: чешми, канти за отпад, тоалети и друго.

Управителот на гробиштата мора да се грижи за исправноста на капелата и објектите што служат за погреб.

**Член 113**

Управителот на гробиштата се грижи за уредување и редовно одржување на гробиштата и гробовите на борците од Антифашистичката војна и заштита од оштетување и уништуввање на споменициte и другите знаци со кои тие се обележани.

**Член 114**

Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно секој ден.

Граѓаните и носителите на гробните места се должни да се придржуваат на редот за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како што одговара на местото и должното почитување кон починатите.

**Член 115**

На гробиштата не се дозволува: викање и на друг начин нарушување на мирот во гробиштата, носење на кучиња и други животни, пасење на стока, неовластено косење на трева, сечење и оштетување на зеленилото, газење по гробовите, оштетување на гробовите, надгробните споменици и знаци, клупите и останатите објекти, оштетување на оградата на оградата на гробиштата, собирање на прехранбени и други производи од гробовите оставени од блиските на починатите, поставување на реклми и слично.

**Член 116**

Изградбата на гробовите, надгробните споменици и знаци, може да го врши претпријатие или физички лица кои имаат одобрение за обавување на вакви дејности (во натамошниот текст: оператор на погребалната услуга ) и член на потесното семејство на починатиот.

За обликување на надгробните плочи, споменици, натписи и за уредување на гробовите одлучуваат носителите на гробните места придружувајќи се на планот за уредување на гробиштата.

**Член 117**

На надгробните споменици се поставуваат обележја и верски симболи според верувањето на умреното лице или неговото семејство, односно лицето кое е должно да го врши погребот.

**Член 118**

Одржувањето, односно неговото тековно одржување согласно намената и техничките стандарди и нормативи на надгробниот споменик на гробното место го врши носителот на гробното место.

**Член 119**

За пристап и користење на гробиштата и на придружните објекти на гробиштата, управителот на гробиштата склучува договор со операторите на погребалните услуги и каменоресците.

Висината на надоместокот што го наплатува управителот на гробиштата е утврдена од Советот на општината.

**Член 120**

Закопот на умрените се врши само на гробиштата.

**Член 121**

Посмртните останки на умрениот до закопот се чуваат во мртовечница.

Посмртните останки на умрениот, давателот на услугата ги пренесува во мртовечница најдоцна 12 часа од настапувањето на смрт.

**Член 122**

Умрените од заразни болести се сместуваат во посебна просторија во мртовечницата.

Забрането е да се изложуваат останките на умрените од заразни болести, до колку умрениот не е сместен во посебен залимен метален сандак во согласност со закон.

**Член 123**

Во мртовечницата не се дозволува нарушување на редот и мирот.

Во мртовечницата е дозволено палење на свеќи само на места определени за таа цел.

**Член 124**

Преземање и превоз на посмртните останки до мртовечница и од мртовечница до гробното место се врши само со возила регистрирани исклучиво за таа намена.

**Член 125**

Погребувањето се врши по истекот на 24 часа од часот на смртта.

При погребувањето може да се изведуваат верки обреди.

Со објектите за вршење на верски обреди кои се наоѓаат на гробиштата управува верската заедница.

**Член 126**

Погребувањето на умрено лице на гробно место каде што претходно некој бил погребан не смее да се врши доколку од претходниот погреб не поминале најмалку три месеци.

**Член 127**

Трошоците за погребување паѓаат на товар на носителите на гробните места, брачниот другар на починатиот или на неговите наследници.

**7.Изградба и одржување на пазарите**

**Член 128**

Под одржување и користење на пазари се подразбира одржување стопанисување со отворени и затворени пазари на големо и мало и тоа: изградба, одржување на објектите и просторот на истите.

**Член 129**

Одржувањето и користењето на отворените и затворените пазари на големо и мало го врши ЈП Градски пазар основано од општината ( во понатамошен текст: давател на услугата ).

Давателот на услугата е должен пазарите секојдневно да ги чисти и одржува во уредно – хигиенска состојба и во зимскиот период да го чисти снегот и мразот.

Давателот на услугата во зависност од потребите на работењето, а со цел одржување на хигиената на високо ниво, е должен редовно да врши миење на отворените зелени пазари.

**Член 130**

На зелените пазари се врши трговија на големо и мало на земјоделски стоки под услови пропишани со закон и друг пропис.

На посебно организирани делови на зелените пазари може да се врши трговија на големо и мало и на други стоки под услови пропишани со Закон и друг пропис.

**Член 131**

Давателот на услугата кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало под услови пропишани со Закон и друг пропис, ги издава продажните места на трговци или занаетчии кои се регистрирани во соодветниот регистар, земјоделските производители кои се регистрирани, односно евидентирани согласно со Закон, лицата кои се занимаваат со земјоделство, како и лицата кои се во работен однос или се пензионери, а не се вршители на земјоделска дејност.

Работното време на зелените пазари на кои се врши трговија на големо и мало го определува Советот на општината.

Давателот на услугата од став 1 на овој член е должен да утврди и истакне пазарен ред и работното време определено со ставот 2 на овој член.

**Член 132**

На посебно организирани пазари може да се врши трговија на стари моторни возила, стари авто –делови, земјоделски алатки, добиток, живина (опрема и сточна храна), огревно дрво, режана и тесана граѓа и на употребувани производи под услови пропишани со Закон и друг пропис.

Давателот на услугата, на локација на територијата на Општина Охрид, кои ќе ги утврди Општината, може да организира зелени мини пазари од траен или сезонски карактер.

**Член 133**

Зелените пазари и посебните пазари на големо и мало за вршење на трговија на големо и мало, како и зелените мини пазари, мораат да ги исполнуваат минимално- техничките услови како и другите услови пропишани со закон во зависност од видот и на чинот на вршење на трговија.

Минимално – техничките услови од став 1 ги пропишува Министерот за економија.

**Член 134**

Давателот на услугата е должен исполнувањето на условите од Членот 133 на оваа Одлука и започнувањето со работа да ги пријави на државниот пазарен инспектор и на надлежниот орган на општината најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на зелените пазари и посебните пазари на големо и мало.

**Член 135**

Пазарните површини треба да бидат изградени со асфалт или бетонска подлога со рамна или мазна површина, погодни за чистење и миење, со доволен број сливници, исправна канализациона мрежа со доволно количество на здрава и исправна вода за пиење и санитарен јазол, односно посебни тоалети за машки и женски пол.

**Член 136**

На сточните пазари може да се изложат за промет само жив крупен и ситен добиток, како и перната живина.

Производите што се продаваат на пазарите мора да бидат сместени на хигиенски тезги.

**Член 137**

Дотурот на стоки на пазарите се врши во временски период утврден со пазарен ред кај давателот на услугата.

**Член 138**

На пазарите на големо и мало се забранува:

- складирање и продажба на стока надвор од продажните места обележани на пазарот;
-паркирање на моторни и други возила на пазарите на мало;
- фрлање на неквалитетни и непродадени производи, амбалажа и други отпадоци надвор од контејнерите на пазарот;
- палење на оган и ноќевање во просторот на пазарот;
- продавање на стоки вон работното време на пазарите;
- продавање на стоки кои не се дозволени согласно Законот и други прописи.

**8.Ерадикација на животни скитници**

**Член 139**

Под ерадикација на животни скитници во смисол на оваа Одлука се подразбира хумано решавање на проблемот со животните скитници и тоа: нивно собирање, привремено згрижување, стерилизирање, вакцинирање на здравите и еутаназија на болните, со цел зачувување на здравјето на населението и отстранување на изворите на заразните заболувања, како и намалување на можноста од нивно пренесување.

**Член 140**

Решавањето на проблемот со животните скитници, во општината го врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од општината.( во натамошен текст: давател на услугата ).

**Член 141**

Давателот на услугата е надлежен да врши собирање на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња и привремено да ги смести во соодветни објекти – прифатилишта, каде треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

**Член 142**

Заловувањето на кучињата скитници се врши од квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка и страдање.

**Член 143**

Во прифатилиштата треба да се обезбеди спроведување на соодветни мерки и персонал со цел ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е потребно, нивно лекување.

Прифалитиштата водат евиденција која содржи пропишани податоци за прифатените животни и ќе биде достапна на увид од страна на надлежниот орган.

**Член 144**

Кучињата привремено сместени во прифатилишта можат да бидат кастрирани, здравствено третирани, превентивно заштитени согласно прописите од областа на ветеринарно здравство.

Кучињата привремено сместени во прифатилишта кои се здрави, се држат седум дена за да се обезбеди можност за нивно посвојување, Во случај кога посвојувањето е невозможно или кога кучињата се болни и можат да претставуваат сериозна опасност за здравјето на животните или луѓето, на нив се врши хумана еутаназија од страна на доктори по ветеринарна медицина.

Заловените кучиња на кои има маркица со која се потврдува сопственоста ќе бидат вратени на сопственикот при што се плаќа надомест за извршената постапка и чувањето на кучињата.

**9.Аерозапрашување, дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

**Член 145**

Со аерозапрашување ( аеросолна дезинфекција ) се уништуваат штетни инсекти ( муви, комарци и сл. ) на подрачјето на општина Охрид.

Со дезинсекција се уништуваат инсекти кои не можат да се уништат со аерозапрашување.

Со дезинфекција се уништуваат штетни бактерии во јавните објекти.

Со дератизација се уништуваат глувци и стаорци.

**Член 146**

Аерозапрашувањето се врши најмалку еднаш годишно во период пролет – лето.

Дезинсекција се врши по потреба и по барање на заинтересираните субјекти, а во согласност со пропишаните стандарди и нормативи.

Превентивно дезинфекција и дератизација се вршат системски, најмалку еднаш годишно, во согласност со утврдени нормативи.

**Член 147**

Целта на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата е зачувување на здравјето на граѓаните како и отстранување на изворите на заразни заболувања и намалувањето на можноста за пренесување на заразни болести.

**Член 148**

Вршењето на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата, општината може да го довери на овластен субјект специјализиран за вршење на тие дејности.

**Член 149**

Општина Охрид е должна навремено преку средствата за јавно информирање, да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведување на аерозапрашувањето, дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата и за мерките за заштита што треба да ги преземат граѓаните.

**10.Одржување на комунални уреди**

**Член 150**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на јавни чешми, фонтани, детски игралишта, клупи и корпи за отпад како и други јавни комунални уреди и опрема.

**Член 151**

Одржувањето на комуналните уреди и опрема од член 150 на оваа Одлука го вршат јавните претпријатија формирани од советот на Општината.

**Член 152**

Поставувањето на комуналните уреди се врши според годишната програма за поставување на урбана опрема донесена од Советот на општината.

**Член 153**

На корисниците им се забранува:

- кршење на уредите и опремата;
- испишување на натписи, шарање или цртање по истите;
- фрлање или оставање на комунален цврст отпад на истите и нивната околина;
- загадување на водата во фонтаните и чешмите;

- поливање со било какви течности на комуналните уреди.

**11.Отстранување и чување на непрописно паркирани и хаварисани возила**

**Член 154**

Под отстранување на непрописно паркирани возила во смисла на оваа Одлука подразбира паркирани возила во исправна и неисправна состојба и оштетени возила, како и разни пловни објекти, на коловози на јавни патишта, градски улици, плоштади, паркиралишта, тротоари, велосипедски патеки, јавно зеленило, паркови, други неизградени површини и други јавни површини.

**Член 155**

Хаварисано, односно оштетено возило е она возило  кое заради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со силата на сопствениот мотор.

Неправилно или непрописно запрено или паркирано возило е она кое е паркирано или запрено на јавните сообраќајни површини спротивно на важечките прописи за безбедност на сообраќајот на патиштата и запрените и паркираните возила на другите јавни површини.

**Член 156**

Под отстранување и чување на возила и пловни објекти во смисла на оваа одлука се подразбира нивно подигање и транспортирање со специјални возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

**Член 157**

Отстранувањето и чувањето на непрописно паркираните и хаварисаните возила и пловни објекти го врши јавното претпријатие Ј.П.“Охридски Комуналец“, формирано од страна на општина Охрид.

**Член 158**

Отстранувањето на непрописно паркираните возила кои се во исправна состојба се врши по налог и во присуство на овластено службено лице од СВР Охрид.

Отстранувањето на оштетените и неисправни возила  како и на пловни објекти, оставени на јавни површини, се врши со решение на општински комунален инспектор по конечноста на истото.

Комуналниот инспектор на сопственикот на оштетеното, односно неисправно  возило, ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстранување на возилото во рок од 15 дена.

Доколку сопственикот не го отстрани сам возилото во рок утврден во решението, надлежните инспекторски органи изготвуваат записник и издаваат писмен налог во рок од 15 дена за отстранување на возилото до овластениот субјект за отстранување, на сметка на сопственикот на возилото. Во писмениот налог комуналниот инспектор треба да ги достави следните податоци: типот на возилото, марка, боја и регистарски број на возилото, доколку го има,состојба на возилото со кус опис на оштетувањата, како и името и презимето на сопственикот на возилото.

Оштетените и неисправни возила како и на пловни објекти  чии сопственици не се познати се отстрануваат по налог на општинскиот комунален инспектор.

**Член 159**

Отстранетите возила и пловни објекти се чувааат на посебен простор. Чувањето го врши јавното претпријатие на посебен простор со оганизирана чуварска служба.  Чувањето на возилото неможе да трае подолго од 30 дена.

Доколку сопственикот на возилото на се јави по истекот на рокот од  став 1 на овој член, давателот на услугата ќе го отуѓи возилото на начин утврден со Закон.

**Член 160**

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето на возилото од претходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

По исклучок од став 2 на овој член примопредавањето на возилото што се отстранува може да се изврпи и на самото место од каде се отстранува, додека возилото не е поставено на платформата од специјалното возило.

**Член 161**

Примопредавањето на отстранетото возило или пловен објект се врши по наплата на трошоците за отстранување, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

**Член 162**

Висината на трошоците за отстранување и чување на непрописно паркираните и хаварисаните возила и пловни објекти ги утврдува Советот на општината со посебна Одлука.

**Член 163**

Трошоците за отстранување и чување на возилото паѓаат на товар на сопственикот.

Доколку при отстранување на возилото тоа биде оштетено без вина на овластениот субјект за отстранување, трошоците ќе ги сноси сопственикот на истото.

**12.Украсување на населени места**

**Член 164**

Под украсување на населени места во смисла на оваа одлука се подразбира украсување со знамиња, разни украси, светилки и сл. По повод државни празници, локални празници, Нова Година, пречеци на државни делегации и сл.

**Член 165**

Украсувањето на населените места по повод државни празници го врши Ј.П.“Охридски Комуналец“ во согласност со годишната програма донесена од Советот на општината.

**Член 166**

Се забранува секакво оштетување на украсите.

**13. Одржување на јавни санитарни јазли**

**Член 167**

Јавните санитарни јазли ги одржува јавното претпријатие основано од општината ( давател на услугата ).

**Член 168**

Јавните санитарни јазли мора да бидат опремени со соодветна санитарна опрема и давателот на услугата е должен истите да ги одржува во чиста и исправна состојба.

**Член 169**

За користење на јавните санитарни јазли се плаќа надомест во висина што ја утврдува давателот на услугата во согласност со Советот на општината.

**Член 170**

Забрането е оштетување на санитарната и друга опрема во јавните санитарни јазли.

**14.Уредување и организирање на општински линиски превоз на патници**

**Член 171**

Под општински линиски превоз на патници во смисла на оваа Одлука се подразбира превоз на патници на линии во градот и другите населени места во општината.

**Член 172**

Општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид можат да го вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз што ја издава Градоначалникот на општина Охрид.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 173**

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид го уредува Советот на општината со посебна Одлука.

**Член 174**

Качување и слегување на патници во општинскиот линиски превоз се врши на автобуските стојалишта согласно со утврдениот и регистриран возен ред.

Автобусите на предната и бочната страна на видно место треба да го содржат бројот на линијата, почетното и крајното стојалиште.

**Член 175**

Советот на општината го уредува општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, при што особено утврдуваат:

- единствена мрежа на линии;
- возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;
- начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа;
- тарифен систем, систем на наплата и начин и контрола на наплата;
- локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена;
- изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта;
- одржување на релација и место на превоз со возила со најмалку 16 + 1 седишта и
- критериуми за начинот и постапката за издавање и одзамање на дозвола за вршење на општински линиски превоз и распределување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

**Член 176**

Авто-такси превозот се извршува врз основа на лиценци.

**Член 177**

Покрај условите за вршење на авто-такси превоз на патници пропишани со одредбите на овој Закон, авто-такси превозниците мораат да ги исполнуваат и условите пропишани од страна на Советот на општината.

**Член 178**

Со актот на Советот на општината особено се утврдуваат условите во врска со :
- локацијата и капацитетите на такси станиците,
- обележувањето и опремувањето на такси станиците,
- бојата на возилата;
- унифицирани ознаки и опрема на такси возилото,
- тарифата и начинот на користење на такси станиците и
- максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници.

**Член 179**

Определените такси станици можат да ги користат само авто-такси превозниците кои имаат лиценца од општината на чие подрачје имаат седиште.

**15.Одржување на улична сообраќајна сигнализација**

**Член 180**

Под одржување на улична сообраќајна сигнализација во смисла на оваа одлука се подразбира редовно одржување на вертикалната и хоризонталната сообраќајна сигнализација ( семафори, сообраќајни знаци, патокази ).

**Член 181**

Одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација го врши правно или физичко лице кое со општината склучило договор за давање услуга од јавен интерес.

**Член 182**

На уличната сообраќајна сигнализација забрането е:
- уништување и оштетување на сообраќајни знаци, патокази, семафорски уреди и друга опрема која е во функција на локалните патишта и улици.

**16.Изградба, одржување, реконструкција, рехабилитеција и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти**

**Член 183**

Под изградба, одржување, реконструкција, рехабилитација и заштита на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти во смисла на оваа Одлука се подразбира изградба и редовно одржување на инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Охрид.

**Член 184**

Работи за редовно одржување на локалните патишта и улици се:
- поправка на коловозот и трупот на патот;
- чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци и засеци, чистење и уредување на одводите на патот, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидовии други објекти на патот;

- работи на одржување на електрични инсталации – замена на дотраени светилки на раскрсници и друго осветлување на патот;
- одржување на прегледност на локалните патишта и улици особено на места на вкрстосување;
- косење на трева, уредување и одржување на зелени површини и насади во патното земјиште;
- чистење на снег и мраз од коловозот, посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничките места, мостовите, делниците на поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот;
- чистење, поставување, замена и поправка на хоризонтална и вертикална сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патото и друга опрема на патот.

**Член 185**

Работите во врска со редовното одржување на локалните патишта и улици ги вршат јавните претпријатија основани од општината или правно и физичко лице кое склучило договор со општината за давање услуга од јавен интерес, според Годишната програма на Секторот за комунални дејности и сообраќај донесена од Советот на општина Охрид.

**Член 186**

Заради заштита на локалните патишта и улици забрането е:

- зафаќање земјиште од локалниот пат или улица;
- спречување на истекување на атмосферски води;
- менување на природниот тек на водите;
- испуштање на отпадни или други води и други нечистотии на патот или во патниот појас или во одводните канали или спречување на истекување на водата по патот или одводните канали;
- пасење на стока, косење на трева, оштетување и сечење на дрвјата покрај патот;
- оштетување и отстранување на материјалите наменети за одржување на ликалните патишта и улици;
- влечење на греди, трупци, камени блокови и железни шипки и други слични предмети;
- фрлање шут и отпадоци во заштитниот појас на патот;
- оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкината, патниот појас или тротоарот;
- приклучување или исклучување на возила надвор од уредените места за тоа;
- движење на возила по пешачката патека ( тротоар или банкина на патот);
- поставување на светлосни направи покрај патот кои му сметаат на сообраќајот;
- попречување на користењето на патот или улицата, прекопување на коловозот, оставање или неовластено поставување разни препреки;
- уништување на сообраќајни знаци, патокази, семафорски уреди и друга опрема која е во функција на локалните патишта и улици;
- отварање и отстранување на капаците на уличните шахти и решетки;
- вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува и загрозува сообраќајот на патот.

**17.Регулирање на режимот на сообраќај**

**Член 187**

Советот на општината го уредува сообраќајот на локалните патишта на подрачјето на општината , согласно со Закон.

За уредување на сообраќајот од ставот (1) на овој член, Советот на општината, задолжително прибавува претходна согласност од Министерството за внатрешни работи.

Уредувањето на сообраќајот од ставот (1) на овој член, опфаќа:

- определување на патишта со предност на минување,
- определување на двонасочен, односно еднонасочен сообраќај,
- утврдување на составот и техничкото уредување на сообраќајот,
- ограничување на брзината на движење на возилата во сообраќајот,
- сообраќај на пешаци, возачи на велосипед, мопед, туристички воз, запрежни возила, терање и водење на добиток,
- определување на површините за паркирање и начинот на паркирање, забраната за паркирање и местата за ограничено паркирање,
- определување на зоните на смирен сообраќај,
- блокирање на автобуси, товарни, приклучни возила и работни машини, на места што не се наменети за паркирање на овие видови возила, како и начинот на деблокирање на тие возила,
- поставување и одржување на заштитни огради за пешаци на опасни места,
- определување на пешачки зони, сигурни правци наменети за движење на деца, преземање посебни технички мерки за безбедност на пешаци и возачи на велосипед во близина на образовни, здравствени и други институции, игралишта, киносали и слично,
- отстранување на дотраени, оштетени и запуштени возила,
- определување на површини на кои се вршат тест-возења, крос, спортски возења и слично,
- утврдување на условите за сообраќај на возила во зоните на смирен сообраќај и пешачките зони,
- надзор и преместување на непрописно запрени возила, работи на надзор на сообраќајот во зоните на смирен сообраќај и пешачките зони, откривање на сторени прекршоци од страна на пешаци и возачи на велосипед и мопед, како и работи на надзор над трактори, запрежни возила и возила што се вклучуваат во сообраќајот на патиштата од градилишта и
- надзор над паркирање на возила на места на кои паркирањето е временски ограничено.

**18.Одржување на јавно осветлување**

**Член 188**

Под одржување на јавно осветлување се подразбира одржувањето на уличното осветлување во исправна состојба и тоа одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела ( сијалици и арматури ), чистење и боење на електирчните столбови.

**Член 189**

Јавните сообраќајни површини, пешачките и другите главни патишта на јавните зелени површини мораат да имаат јавно осветлување.

Јавното осветлување мора да биде изведено во склад со современата светлосна техника, земајќи го во предвид значењето на поделни делови на градот и населните места и поделните јавни површини, сообраќајот и потребите на граѓаните.

Светлосните тела мораат да бидат функционални и естетски обликувани.

Јавното осветлување мора редовно да се одржува во состојба на функционална способност.

Јавното осветлување, по правило, мора да свети преку целиот ноќен период.

**Член 190**

За одржување на јавното осветлување Советот на општина Охрид донесува Годишна програма во која е утврдена динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за

одржување на јавното осветление и потрошувачката на електирчната енергија за јавното осветлување, прибраната такса од корисниците и бројот на корисниците.

**Член 191**

Заради вршење на услугата на одржувањето на јавното осветлување, општината согласно Законот за јавни набавки може да склучи договор со правно или физичко лице.

Надзорот над работите во врска со одржувањето на јавното осветлување го врши Секторот за комунални работи и сообраќај, кој воедно се грижи и за спроведување на реализацијата на Годишната програма за одржување на јавното осветлување и е должен да поднесува годишен извештај до Советот на општината.

**Член 192**

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

- оштетување, уништување и отстранување на светлосните тела и светлосните столбови;
- поставување на рекламни паноа или слично, освен исклучиво со одобрение од Секторот за урбанизам и заштита на животна средина;

**19.Одржување и користење на јавниот простор за паркирање**

**Член 193**

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот и објектите во него и давање на соодветни услуги, како и утврдување на начинот на нивното користење.

**Член 194**

Давателот на услугите од член 193 на оваа Одлука е ЈП за стопанисување со спортски објекти и паркинг простор.

**Член 195**

Јавно паркиралиште е посебно уреден и обележан простор наменет за паркирање на определен вид на возила. Јавните паркиралишта можат да бидат надвор од површините опфатени со патиштата и улиците или на самите патишта и улици.

**Член 196**

Јавниот простор за паркирање го одредува надлежниот орган на општината во согласност со важечките урбанистички планови и Министерството за внатрешни работи.

**Член 197**

На јавниот простор за паркирање се обележуваат перони за паркирање на возила и простор за непречено влегување и излегување на возилата.

На просторот за паркирање се поставува сообраќаен знак и рампа.

**Член 198**

За користење на уреден јавен простор за паркирање се наплаќа надоместок кој го утврдува давателот на услугата во согласност со Советот на општината.

**Член 199**

Корисниците на јавниот простор за паркирање не смеат да ги оштетуваат објектите на просторот за паркирање.

**Член 200**

На јавниот простор за паркирање е забрането:

- да се паркираат оштетени или неисправни возила;
- да се паркираат возила за кои не е наменет јавниот простор за паркирање;
- да се оставаат приколки за кампување и носење на товар;
- да се остава земјоделска, приклучна и друга механизација, автомобилски приколки и сл.

**20.Вршење на оџачарски услуги**

**Член 201**

Под вршење на оџачарски услуги во смисла на оваа Одлука се подразбира чистење и контролирање на објектите за спроведување на чад и опрема за ложење.

**Член 202**

Оџачарските услуги ги врши Територијалната противпожарна единица.
( давател на услугите ).

**Член 203**

Оџачарските услуги се вршат на барање на сопственикот, односно корисникот на објектот.
( корисник на услугите ).

Трошоците за извршените услуги паѓаат на товар на корисникот на услугата.

**Член 204**

Корисникот на услугите е должен да побара оџачарски услуги на објектот и опремата за ложење, доколку не може да ги доведе во исправна состојба, а таквата неисправност може да предизвика штета.

**III. Мерки за спроведување на комуналниот ред**

**Член 205**

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 3 на оваа Одлука се утврдуваат со годишните програми за секоја дејност пооделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Годишните програми од став 1 на овој член ги донесува Советот на општината по предлог на давателот на услугата.

**Член 206**

Средствата за финансирањето на комуналните дејности од член 3 на оваа Одлука се утврдуваат со годишните програми од член 205 на оваа Одлука.

**Член 207**

Индивидуалната комунална потрошувачка се финансира од корисникот на услугата, а висината на надоместокот ја утврдува давателот на услугите по претходно добиена согласност од основачот.

Заедничката комунална потрошувачка се финансира согласно годишната програма од член 172 на оваа Одлука и годишниот финансиски план на давателот на услугата.

Изворите за финансирање на заедничката комунална потрошувачка се утврдуваат со Закон, Статутот на општината и оваа Одлука.

**Член 208**

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши Секторот за инспекциски работи на општината, преку овластените општински инспектори и редари.

Надлежните општински инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од општината, над физичките и правните лица на кои општината им дала дозвола за вршење на комунална дејност, над законитоста во работењето на субјектите во комуналните дејности на подрачјето на општината како даватели на комунални услуги така и над правните и физички лица кои се назначени како корисници на комуналните услуги согласно одредбите на оваа Одлука.

**Член 209**

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, надлежните општински инспекциски органи се должни да состават записник и да го достават на физичкото или правното лице каде извршиле инспекциски надзор.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утрврди дека е сторен прекршок или кривично дело, должен е да покрене постапка пред надложен орган или да изрече мандатна казна.

**Член 210**

Надлежниот општински инспектор по извршениот инспекциски надзор донесува решение.

Со решението од став 1 на овој член се наредува физичките и правните лица да преземат одредени дејствија со цел одржување на комуналниот ред согласно одредбите на оваа Одлука.

Жалба против решението од претходниот став на овој член може да се поднесе во рок од осум дена до второстепена комисија формирана од страна на Градоначалникот на општината или до Министерот кој раководи со соодветното надлежно министерство.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 211**

Општинските инспектори имаат легитимација издадена од Градоначалникот на општината.

**Член 212**

Физичките и правните лица се должни на надлежните општински инспектори да им овозможат несметано извршување на надзорот, односно пристап до просториите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, да дадат лични податоци и други потребни известувања за предметот на комуналното уредување на најбрз и најсоодветн начин.

**Член 213**

Ако надлежните општински инспектори во својата работа наидат на отпор можат да побараат помош од надлежните полициски органи.

**Член 214**

Ако објектот кој е поставен на основа на одобрение од Секоторот за урбанизам и заштита на животна средина има недостатоци или не е поставен во скад со одобрението, надлежниот општински инспектор ќе нареди сопственикот, односно корисникот да го отстрани односно да го усклади со одобрението.

Доколку недостатоците на објектот или предметот од претходниот став на овој член во оставениот рок не бидат отстранети, односно не бидат ускладени со одобрението, ќе се нареди нивно отстранување.

**Член 215**

Ако правните и физичките лица кои ја обавуваат комуналната дејност не ја обавуваат или неуредно ја обавуваат дејноста според одредбите на оваа Одлука надлежниот општински инспектор ќе одреди рок во кој тие се должни тоа да го сторат.

**Член 216**

Надлежните општински инспектори поднесуваат до Советот на општината извештај за нивната работа најмалку еднаш годишно.

**Казнени одредби**

**Член 217**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Законот за комунални дејности и Законите за сите дејности поединечно.

**Завршни одредби**

**Член 218**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важи Одлуката за комунален ред на општината Охрид бр. 08-99 од 26.02. 1998 год., објавена во (Сл.гласник на општина Охрид бр.1/98)

**Член 219**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**Охрид** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година

**Број 08-2676/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/04…… 53/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“бр.8/07), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 10.06. 2013 год. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одл ука се врши измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-5169/15 од 28.11.2012 година.

**Член 2**

Во член 15 по зборот „**ред**” се става запирка и се додаваат зборовите: „**Додека за дополнителниот сезонски превоз на патници почетната и крајната станица ќе биде во дворот на ОСУ „ Св.Климент Охридски“.**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ВРЗ ДВИЖНИ СТВАРИ**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за изменување на Одлуката за пренесување правото на сопственост врз движни ствари, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/27**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 10.06.2013 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ВРЗ ДВИЖНИ СТВАРИ

### Член 1

Се оваа одлука се врши измена на Одлуката за пренесување на правото на сопственост врз движни ствари бр. 07-2152/61 од 20.09.2010 год.

### Член 2

Во член 1 точка 1 од одлуката по зборот „на “ зборовите **ЈП „Билјанини Извори “ Охрид ,** се заменуваат со зборовите „ **ЈП „ Градски гробишта“ Охрид“**.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид .

**Број 07-2676/27**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на јавно претпријатие за изградба, одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 2 од Законот за јавни претпријатија („ Службен весник на РМ “ бр.38/96... 6/12), член 22-а од Законот за спортот ( „Сл.весник на РМ бр.66/04....64/12) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Сл.гласник на општина Охрид бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ЈАВНИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши дополнување на Одлуката за основање на јавно претпријатие за изград6 одржување и користење на спортски објекти и јавни паркинг простори бр. 07-344/16 од 28.02.2008 год.

**Член 2**

Во член 7 став 1 се додаваат две нови алинеи 7 и 8 кои гласат :

1. Превоз на патници
2. Продажба на пијалоци и храна

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 07-2676/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП“БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за дополнување на Одлуката за изменување на Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори на општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/29** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36,67 и 68 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши дополнување на Одлуката за изменување на Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид бр. 07-4568/18 од 26.10.2012 год.

**Член 2**

Во член 2 од Одлуката по став 1 се додаваат три нови алинеи 6 ,7 и 8 кои гласат:

1. Паркинг простор кој се протега на дел од ул.„Македонски просветители “ од пресекот на ул.„Бул. Туристичка” до крај заедно со кружниот тек на сообраќај;
2. Паркинг простор кој се протега на дел од ул.„Партизанска”, од пресекот со ул.„Македонски Просветители” до ул.„Кузман Јосифоски Питу” и ул.„Кузман Јосифоски Питу”, од раскрсницата на оваа улица со ул.„Партизанска”, па се до пресекот со ул.„Кеј Маршал Тито” заедно со паркингот Ривиера;
3. Паркинг простор кој се протега на дел од ул.„Кеј Маршал Тито” од пресекот со ул.„Бул.Македонски Просветители”, па се до излезниот терминал кај паркинг куќата на истата улица.

**Член 3**

По член 2 се додава нов член 3 и истиот гласи:

ЈП„Билјанини Извори“ се должни да постапуваат согласно одредбите од Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид бр.07-2100/3 од 17.05.2013 год.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2676/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ОХРИД И ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за определување на надоместок за членовите на Општинската изборна комисија Охрид и избирачките одбори за локалните избори 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/30** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („ Службен гласник на општина Охрид бр.08/07) и член 18 , во врска со член 5,9,11,13 и 14 од Правилникот за надоместокот на членовите на општинските изборни комисии , Изборната комисија на град Скопје и избирачките одбори за спроведување на Локалните избори 2013 година за избор на членови на Советите на општините и Советот на град Скопје и за избор на Градоначалник на општините и Градоначалник на градот Скопје бр.02-1642/1 од 29.04.2013 год ,Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ЧЛЕНОВИТЕ ЗА ОПШТИНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ОХРИД И ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

На членовите на Општинската изборна комисија им се определува следниот надоместок:
- на Претседателот му се определува надоместок во висина од 40.000,оо денари
- на Зам. Претседателот му се определува надоместок во висина од 36.000,оо денари
- на Секретарот му се определува надоместок во висина од 36.000,оо денари
- на Зам.секретар му се определува надоместок во висина од 18.000,оо денари
- на членовите им се определува надоместок во висина од 32.000,оо денари
- на зам. Членовите им се определува надоместок во висина од 16.000,оо денари

**Член 2**

На членовите на избирачките одбори им се определува следниот надоместок:

- на Претседателот му се определува надоместок во висина од 3.000,оо денари
- На зам. Претседателот му се определува надоместок во висина од 2.500,оо денари.
- На членовите им се определува надоместок во висина од 2.000,оо денари
- На зам. Членови им се определува надоместок во висина од 1.700,оо денари.

**Член 3**

На Претседателот, заменикот претседател, членовите и замениците членови на Избирачките одбори кои спровеле гласање на болни и немоќни лица и лица кои се наоѓаат во Казнено поправен дом им се определува дополнителен надоместок во висина од 50% од надоместокот определен во член 2 на оваа Одлука.

**Член 4**

Надоместокот од членовите 1,2, и 3 од оваа Одлука ќе се исплати поединечно на секој член на општинската изборна комисија и избирачките одбори на трансакциска сметка, во рок од 15 дена од влегувањето во сила на оваа Одлука.

Средствата за исплата на надоместокот определен во ставот 1 од овој член ќе се исплатат од сметката на Општинската изборна комисија Охрид бр. 752014061478950.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука е списокот на членови на Општинската Изборна комисија и избирачките одбори со име и презиме функција и број на трансакциска сметка.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/30**
**10.06.2013 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗБОРИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013 Г. ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД И ГРАДОНАЧАЛНИК**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања за локални избори 2013 година за членови на Советот на општина Охрид и Градоначалник, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/31**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 85 и 86 од Изборниот законик („Сл.весник на РМ“ бр.40/06,137/06,44/11,51/11,142/12,31/13 и 34/13), и член 18 од Статутот на општина Охрид ( Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ ЗА ИЗБОРИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013 ГОДИНА ЗА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД И ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Член 1**

Организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот и Градоначалник имаат право на надомест за изборни трошоци во износ од 15,00 денари за секој добиен глас.

**Член 2**

Согласно добиените гласови за избор на членови на Советот на општина Охрид и градоначалник средствата се распоредуваат на следните организатори на изборната кампања (политички партии и независни кандидати).

4. **За избор на членови на Совет на општина Охрид**

| | | |
|---|---|---|
| - Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 15592 гласови | 233.880,оо денари |
| - Група избирачи Павел Попоски | 1839 гласови | 27.585,оо денари |
| - СДСМ и др. | 10231 гласови | 153.465,оо денари |
| - Група избирачи Љупчо Настоски | 1436 гласови | 21.540,оо денари |
| - Група избирачи Кујтим Усејни | 2287 гласови | 34.305,оо денари |

**2. За градоначалник**

- Коалиција ВМРО-ДПМНЕ 21004 гласови 315.060,оо денари

**Член 3**

Организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на Совет, односно кандидат за Градоначалник, имаат право на надомест за изборни трошоци од 15,00 денари за секој добиен глас, кои освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на општина.

- **За членови на Совет на општина Охрид**

| | | |
|---|---|---|
| Демократска унија за интеграција-ДУИ | 595 гласови | 8.925,оо денари |
| Група избирачи Зоран Стевоски | 613 гласови | 9.195,ооденари |
| Група избирачи Александар Станкоски | 887 гласови | 13.305,ооденари |
| Група избирачи Љупчо Нечкоски | 635 гласови | 9.525,оо денари |

- **За градоначалник**

  СДСМ и др. 13250 гласови 198.750,оо денари

**Член 4**

Исплатата на надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на општина Охрид, со посебно решение.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ОД МОБИЛЕН ОПЕРАТОР**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за користење на услуги од мобилен оператор, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година

**Број 08-2676/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 и 61 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.8/07), и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид) бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ОД МОБИЛЕН ОПЕРАТОР**

**Член 1**

За потребите на Советот на општина Охрид да се склучи Договор со Мобилен оператор за користење услуги од мобилна телефонија.

**Член 2**

За користење на мобилните телефони на членовите на Советот им се признаваат месечни трошоци во износ од 1.600,00 денари, а на претседателот на Советот износ од 2.600,00 денари.

**Член 3**

На членовите на Советот им се признаваат дополнителни месечни трошоци во износ до 1.000,00 денари за роаминг услуги, за остварени службени патувања во странство.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот да го потпише Договорот за користење на услуги од мобилна телефонија.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа одлука претстанува да важи Одлуката за користење на услуги од мобилен оператор бр. 07-2062/4 од 29.06.2011 година

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2676/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за давање на согласност за склучување на Договор за соработка за воспоставување на регионален одбор за управување со отпад во Југозападниот плански регион, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08 -2676/33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 год., ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на Договор за соработка за воспоставување на Регионален одбор за управување со отпад во Југозападниот плански регион помеѓу општините членки на Југозападниот плански регион:

ВЕВЧАНИ, претставувана од градоначалникот г. Цветомир Угриноски,
ДЕБАР, претставувана од градоначалникот г. Ружди Лата,
ДЕБРЦА, претставувана од градоначалникот г. Игор Трајкоски,
КИЧЕВО, претставувана од градоначалникот г. Фатмир Дехари
МАКЕДОНСКИ БРОД, претставувана од градоначалникот г.Милосим Војнески
ОХРИД, претставувана од градоначалникот г. Никола Бакрачески
ПЛАСНИЦА, претставувана од градоначалникот г. Исмаил Јахоски
СТРУГА, претставувана од градоначалникот г. Зиадин Села
ЦЕНТАР ЖУПА, претставувана од градоначалникот г. Аријан Ибраим

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Охрид господинот Никола Бакрачески да го потпише Договорот за соработка за воспоставување на Регионален одбор за управување со отпад во Југозападниот плански регион.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината “, а ќе започне да се применува по нејзино усвојување од страна на сите Совети на општините потписнички на договорот.

**Број 07-2676/33**
**10.06.2013 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗОНИТЕ И ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА КРАТКОТРАЕН ЗАКУП НА УРЕДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА (СТОЛОВИ И МАСИ) ЗА 2013 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за утврдување на зоните и висината на цената за краткотраен закуп на уредено градежно земјиште за поставување урбана опрема (столови и маси) за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/34**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), член 41 од Законот за градежно земјиште и член 79 од Законот за градба, Советот на општина Охрид на ден 10.06.2013 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗОНИТЕ И ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА КРАТКОТРАЕН ЗАКУП НА УРЕДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА (СТОЛОВИ И МАСИ) ЗА 2013 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат зоните, висината на цената за краткотраен закуп на уредено градежно земјиште и начинот на издавање и користење под закуп на уреденото градежно земјиште за поставување угостителска опрема-маси и столови пред деловни објекти.

**Член 2**

Уреденото градежно земјиште кое е предмет на краткотраен закуп за поставување на урбана опрема (столови и маси) е зонирано во (3) три зони и тоа:

ЗОНА 1 : ул. „Гоце Делчев “ (пешачка комуникација), Плоштад Крушевска Република, ул. „7-ми Ноември“ (пешачка комуникација), ул. Свети Климент Охридски (Чаршија), Плштад Свети Климент Охридски, Самоилова, Цар Самоил, ул. Коста Абраш, Кеј Маршал Тито, Македонски Просветители, ( до пресек со Туристичка), Партизанска (до пресек со Јане Сандански), ул. Кузман Јосифоски Питу и комплекс Билјанини Извори.

ЗОНА 2: УЛ. Димитар Влахов, ул. Булева Туристчка ул. Абас Емин (од Гоце Делчев до Туристичка) ул. Мите Богоески и ул. Партизанска ( од Јане Сандански до АСНОМ)

ЗОНА 3: Останати локации на територијата на општина Охрид кои не се опфатени со Зона 1 и Зона 2.

**Член 3**

Цената за 1 метар квадратен, месечно се утврдува на износ од :

За ЗОНА 1- 300 денари
За ЗОНА 2- 200 денари
За ЗОНА 3- 150 денари

**Член 4**

Право на закуп на уреденото градежно земјиште имаат регистрирани правни лица кои располагаат со угостителски објект и исклучиво за простор кој се наоѓа пред нивниот деловен објект.

**Член 5**

Закупецот на уреденото градежно земјиште, просторот може да го користи исклучиво за угостителска дејност за поставување на маси и столови и на истиот не може да поставува друга опрема освен чадори за сонце и украсни подвижни жардињерии.

**Член 6**

Односите помеѓу Општината и закупецот на градежно земјиште ќе се уредат со меѓусебен договор во кој поблиску ќе биде дефиниран рокот за закуп, површината на закуп, вкупниот износ, правата и обврските на закупецот и Општината.

**Член 7**

Надлежните служби на Општината да изготват правилник за начинот на издавање на уредено градежно земјиште под закуп за поставување угостителска опрема-маси и столови пред деловни објекти.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Охрид.

**Број 07-2676/34**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МИКРОЛОКАЦИИ И ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕКЛАМНИ ПАНОА

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за утврдување на микролокации и почетна цена за поставување на рекламни паноа, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/35**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Сл.гласник на Општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МИКРОЛОКАЦИИ И ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА РЕКЛАМНИ ПАНОА**

**Член 1**

Согласно точка 4.9 од годинешната програма за урбана опрема утврдени се 170 микролокации за поставување на светлечни панели со димензии 135х85 см.

Микролокациите се дадени во графичкиот прилог, кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Издавањето на микролокациите за поставување на овој вид на урбана опрема (светлечки реклами), ќе се врши по пат на јавен оглас со јавно наддавање.

**Член 3**

Почетната цена по микролокација изнесува 1500 денари годишно.

Цената не опфаќа трошоци потрошени за електрична енергија и комунална такса.

**Член 4**

Времетраењето на издавање на микролокациите утврдени во графичкиот прилог, кој е составен дел на оваа Одлука, трае 3 години.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Сл.гласник на Општина Охрид.

**Прилог кон одлука:**

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог и техничката скица за панелите кои ќе бидат поставени на постојните канделабри.

**Број 07-2676/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЗ 12, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 12.2 ОПФАТ 3 (УЛ.БОЛНИЧКА) КО-ОХРИД 2, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012-2017 ГОДИНА**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за донесување детален урбанистички план за дел од УЗ 12, дел од урбан блок 12.2, опфат 3 (Ул.Болничка) КО-Охрид 2, плански период 2012-2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/36**
**10.06.2013 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЗ 12 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 12.2 ОПФАТ 3 (УЛ.БОЛНИЧКА) КО ОХРИД 2, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2012-2017**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за Дел од УЗ 12 дел од урбан блок 12.2 опфат 3 (ул.Болничка) КО Охрид 2 општина Охрид, плански период 2012 – 2017.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0,6 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за Дел од УЗ 12 дел од урбан блок 12.2 опфат 3 (ул.“Болничка“) КО Охрид 2 општина Охрид, плански период 2012 – 2017. е опфат на границите:

**Пристапна улица „Пу 1“, станбена улица„Ст.1“, сервисна улица Болничка Сер „1“ и соседните кп.11987/1, кп 11985/6 и кп. 11985/13.**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Дел од УЗ 12 дел од урбан блок 12.2 опфат 3 (ул.Болничка) КО Охрид 2 општина Охрид, плански период 2012 – 2017., изработен од „ ДБ СТИЛ “ КО-Охрид со технички број 2/12 содржи:

3. планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
4. документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Детален урбанистички план за Дел од УЗ 12 дел од урбан блок 12.2 опфат 3 (ул.Болничка) КО Охрид 2 општина Охрид, плански период 2012–2017, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Детален урбанистички план за Дел од УЗ 12 дел од урбан блок 12.2 опфат 3 (ул.Болничка) КО Охрид 2 општина Охрид, плански период 2012 – 2017., се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2676/36** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ“ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за разрешување член од училишниот одбор на ОУ“Христо Узунов“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/37** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 124 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/2008 ......24/2013) член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот од Училишниот одбор на ОУ „Христо Узунов“ Охрид и тоа:

**ОЛГА РИСТЕСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 07-2676/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ“ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за именување член во училишниот одбор на ОУ“Христо Узунов“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година.

**Број 08-2676/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 124 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/2008 ......24/2013) член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.06.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“ ОХРИД**

**Член 1**

За член во Училишниот одбор на ОУ „Христо Узунов “Охрид се именува:

**ЃОРЃИ БОШАЛЕВСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 07-2676/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.06.2013 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**